МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

# ШТИТ

Број 185
Март 2025



Состанок на Северноатлантскиот совет на НАТО

Обука за борба во зимски услови на Воената полиција

Основи на сајбер-безбедноста

ISSN 1857-6710

Фото: Припадничка на Баталјонот на Воената полиција

# Состанок на Северноатла




# Министерот Мисајловски
# позиција за инвести

На состанокот на Северноатлантскиот совет на Алијансата на кој присуствуваа министрите за одбрана на сите 32 земји членки на НАТО,се обрати и нашиот министер за одбрана Владо Мисајловски. На состанокот, министерот за одбрана се осврнал на повеќе теми, при што ја потврдил намерата на нашата земја за континуирано вложување на 2 проценти од бруто-домашниот производ во одбраната, што ја позиционираше нашата земја во оние две третини од сојузничките земји кои ја имаат исполнето оваа заеднички донесена одлука во НАТО. Министерот Мисајловски го поддржа и зацврстувањето на концептот за одбрана и

# антскиот совет на НАТО



# ја потврди македонската ирање во одбраната

одвраќање на НАТО преку исполнувањето на дефинираните цели на способности и континуираното вложување во модернизација и опремување. Тој истакна дека за оваа намена се одвоени над 32 проценти од македонскиот одбранбен буџет за 2025 година или над 106 милиони евра. Исто така, тој додаде дека НАТО треба да продолжи да работи заедно со Европската Унија на развој на одбранбените капацитети и се осврна на македонскиот придонес кон колективната одбрана на НАТО. Воедно, министерот упати честитки до Пит Хегсет за преземањето на функцијата секретар за одбрана на САД.

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија



Главен и одговорен уредник
м-р Трајче Чатмов



Редакција:

Умит Реџепи
(технички уредник)



м-р Ксенија Митева (лектор)



Борче Лозановски (новинар)



Станка Петкова (новинар)

Печати:
„Винсет графика“ – Скопје




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана
https://mod.gov.mk/штит





16 18

# содржина

ШТИТ | година XV II | број 185 | март 2025

Интервју
**СО МИНИСТЕРОТ ЗА ОДБРАНА ВЛАДО МИСАЈЛОВСКИ**............... 6

Инфо
**Министерот Мисајловски и новоназначениот амбасадор на Италија во земјава, Паоло Палминтери**........................ 10

Репортажа
**Успешна реализација на обуката за борба во зимски услови на Воената полиција**........................ 16

Вооружување
**Холандското возило „VECTOR/GRF“**........................ 18

Вооружување
**Фашини**........................ 24

Вооружување
**Модуларен пиштол „Walther PPQ M2“**........................ 28

Историски личности
**„Ние можеме да го направиме тоа“**........................ 32

Воена едукација
**Војувалиште – поле на преживување (7)**........................ 34

Актуелно
**Хумана иницијатива, полна со емоции**........................ 45

Право
**Зголемената важност на Меѓународното хуманитарно право и кризата на неговата имплементација**........................ 48

Воена Историја
**ГОперација „Компас“**........................ 52

Филм
**„6888“**........................ 58

Уметниците и војната
**Васко Ташковски**........................ 59






32 46

# КОН ОВОЈ БРОЈ

ПИШУВА:

**м-р Трајче Чатмов**
Главен и одговорен уредник

## *ВОВЕД*

*Министерството за одбрана и Армијата, како гарант за безбедноста на нашата држава, продолжуваат по зацртанатата линија со сè позабрзано темпо, остварувајќи ги целите и задачите кон коишто се стремиме и кои се исправени пред нас, со цел, иако сме мала држава, да станеме сериозен фактор во колективниот безбедносен систем на НАТО.*

*Ова го потврдува и фактот кој го кажа министерот Мисајловски на состанокот на Северноатлантскиот советот на НАТО. Министерот ја потврди намерата на нашата земја за континуирано вложување на 2 проценти од бруто-домашниот производ во одбраната, што ја позиционира Македонија во оние две третини од сојузничките земји кои ја имаат исполнето оваа заеднички донесена одлука во НАТО. На овој состанок беше истакнато и дека за оваа намена се одвоени над 32 проценти од македонскиот одбранбен буџет за 2025 година или, над 106 милиони евра, со што беше потенциран македонскиот придонес кон колективниот одбранбен концепт на НАТО алиансата.*

*Месец февруари, иако е најкраткиот месец во годината, за Министерството за одбрана и Армијата беше исклучително активен период: зимска воена обука за припадниците на Армијата, беше одбележан меѓународниот Ден на воени спортови, а како позначајните работи што би ги издвоил е учеството на министерот Мисајловски на состанокот на Контакт-групата за Украина, каде беше искажана поддршка на напорите на Украина за зачувување на својот територијален интегритет и безбедност, нарушени со почетокот на руската агресија и беше посочена нашата досегашна поддршка од хуманитарен карактер, но и со военотехничка помош. На тој начин покажуваме дека Македонија е на страната на меѓународното право и за неговото почитување без исклучок.*

*Делегација од Македонија, предводена од претседателот на Владата, Христијан Мицковски, во која беше и миистерот за одбрана Владо Мисајловски, исто така, учествуваше и на Минхенскатата безбедносна конференција, годишна конференција на која учествуваат лидери и носители на одлуки од целиот свет. На оваа конференција се водат дебати за прашања од областа на меѓународната безбедносна политика, воспоставување дијалог, градење доверба, со цел мирно решавање на конфликтите. На Конференцијата беа остварени многу значајни билатерални средби како, на пример, средба со заменик-помошникот секретар за одбрана на САД, Дејвид Бејкер. На средбата, тие разговарале за актуелните политики во поглед на регионалната и глобалната безбедност и за модернизацијата и опремувањето на македонската армија, а од страна на Бејкер бил истакнат македонскиот придонес за безбедноста на Балканскиот регион и на Источното крило на НАТО.*

*Исто така, она со што секако можеме да се пофалиме е и добивањето НАТО акредитација на Регионалниот тренинг-центар за односи со јавноста. Со ова значајно признание, PARC стана првиот центар за обука од Министерството за одбрана и воопшто од Република Северна Македонија што добил ваква сертификација, зацврстувајќи ја својата улога како една од водечките меѓународни институции за образование и обука во доменот на воените односи со јавноста.*

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите
на надворешните соработници не ја
презентираат официјалната политика
или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

trajce.catmov@mod.gov.mk
borce.lozanovski@mod.gov.mk
stanka.petkova@mod.gov.mk



# МАКЕДОНИЈА Е СТОЛБ НА РЕГИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ. АРМИЈАТА ЈА ОПРЕМУВАМЕ СО НАЈМОДЕРНО И НАЈСОФИСТИЦИРАНО ОРУЖЈЕ

**Осум месеци сте на чело на Министерството за одбрана. Што би кажале за работата во овој период, секако со осврт и на затекнатата состојба?**

Трите главни столбови на кои почива одбраната и Армијата – стабилното буџетирање, интензивната модернизација и опремување и развојот на човечкиот капитал, се во целост исполнети. Најнапред би започнал со финансиите, односно со буџетот за одбраната, кој со поддршка на премиерот, сите министри во Владата и со поддршка од пратениците кога се носеше Буџетот на државата, изнесува 329 милиони евра, односно два проценти од БДП. Тоа значи дека сериозно сме посветени на заштитата на мирот, безбедноста и стабилноста на македонските граѓани и на колективната одбрана како земја сојузник на НАТО. Ова значи и дека со издвојување на овие средства за одбраната ние ја исполнуваме заеднички донесената одлука во рамките на НАТО и се вбројуваме помеѓу две третини од земјите членки на Алијансата кои ја исполнуваат оваа одлука. Вториот столб на кој сме максимално посветени е модернизација и опремување на Армијата. За оваа намена во буџетот предвидовме повеќе од 32 проценти. Споредбено со заедничка одлука на Алијансата за средства наменети за овие потреби, ние истата ја надминуваме за 12 процененти., а тоа се 106 милиони евра предвидени за 2025 година, односно 18 милиони евра повеќе во однос на 2024 година.

За модернизацијата и опремувањето на Армијата сакам да нагласам дека ова е интензивен процес кој се реализира во согласност со стратешките документи за одбраната, Долгорочниот план за развој на одбранбени способности и во согласност со НАТО целите на способности. Дополнително, фактот што тука инвестираме значителни средства е гарант дека со секој изминат ден ликот на македонската армија се менува, а

со тоа се зголемува и нејзината борбена готовност. И, третиот столб, без кој ништо од ова не би имало накакво значење, е инвестирањето во човечкиот капацитет. Од особена важност е припадниците на Армијата, како и вработените во Министерството за одбрана, да бидат обучени, подготвени за работните процеси, особено во поглед на интероперативноста со нашите сојузници и партнери. Покрај тоа што се опремуваме со опрема и техника од западно производство, компатибилно со останатите земји сојузнички, ние ги имплементираме стандардите кои се во рамки на Алијансата и токму затоа е особено важно вработените да бидат максимално обучени. Но, кога разговараме за вработените, обученоста не е само фактор за успешност. Грижата за стандардот на вработените, за условите за работа, е тоа што ќе придонесе за уште поголема мотивираност и посветеност. Кога стапив на оваа позиција, министер за одбрана, се соочив токму со ова прашање. Негрижата кон вработените за жал резултирало со многу тужби против Министерството и последиците беа страшни. За ова се одливаа огромни финансиски средства, над 17 милиони евра, наместо истите да се користат за доброто на вработените. Затоа со мојот тим веднаш презедовме конкретни чекори во насока да се исправат сите неправди кон вработените, од исплатата на дневници, прекувремени часови, отпремнини, и во рок од само 6 месеци (до крајот на 2024 г.), 99% од сите побарувања во согласност со Колективниот договор, Законот за вработени во одбраната и Законот за служба во Армијата ги исплативме. Јас така сум работел и така ќе продолжам и да работам. Финансиските импликации кон вработените редовно веќе се исплаќаат, а со тоа спречуваме одлив на средства за судски постапки и тужби.



**Оваа, 2025 година, е најавена како најзначајна година за модернизација на Армијата после влезот на државата во НАТО, а буџетот ќе биде најголем досега (329 милиони евра, од кои 32 отсто или 106 милиони се за модернизација и опремување на Армијата). Кога станува збор за набавката на ново оружје и опрема, во што ќе се вложат овие средства?**

АРМ се опремува со најмодерно и најсофистицирано вооружување. Македонските војници и офицери се вистински професионалци кои заслужуваат да работат со најнова и најмодерна опрема. Министерството за одбрана, во соработка со Генералштабот на Армијата токму тоа тоа и ќе им го овозможат на нашите припадници, што претставува дополнителна гаранција за безбедноста на нашата татковина, но и уште еден силен придонес кон колективната одбрана.

Во тој контекст, во очекување сме на пристигнувањето на првите оклопни возила „Stryker“. Во арсеналот на Армијата веќе ги имаме и очекуваме да пристигнат нови дополнителни лесни оклопни возила од типот JLTV (Joint Light Tactical Vehicle). Според нашите планови, во првиот квартал од 2025 година треба да пристигнат и артилериските системи „Боран“, а тука е и набавката на противвоздушните системи „Mistral 3“ од Франција, кои опфаќаат лансирни механизми и ракети. Нивната испорака се очекува во втората половина на годината. Голем дел од финансиските средства се наменети и за реализација на договорот за набавка на новите хеликоптери „Леонардо“. Набавките се однесуваат и на придружната опрема, како што е веќе пристигнатата далечински управувана вооружена станица за оклопните возила JLTV, а ваква опрема ќе се вградува и во возилата „Stryker“. Секако, тука е и индивидуалната опрема, инженериските машини и АБХО-опремата. Дополнително, во процесот на развој на армиските капацитети, од страна на Европската Унија се обезбедени и средства во вкупна вредност од 22 милиони евра, а веќе се започнат и разговори за нова дополнителна опрема. Оваа финансиска помош е добиена од Европскиот мировен фонд. Таа опфаќа технологии за разузнавање, набљудување и извидување, за електронско војување и сигнално разузнавање, за логистика, инженериска опрема, како и комуникациски и информациски системи. Со оваа помош се опфатени и обуките за армискиот персонал.

Сето ова најдобро говори за зголемената поврзаност со ЕУ за безбедност и одбрана и ја одразува доследната посветеност на партнерите за унапредување на соработката во оваа по-



литичка област, со цел целосно усогласување на македонската политика со заедничката надворешнобезбедносна политика на ЕУ.
Но, овде сакам да додадам дека, покрај ова што го правиме во однос на опремувањето, во 2025 година продолжуваме со реконструкција на објектите на Армијата. Конкретно, за оваа намена издвојуваме речиси 32 милиони евра, што споредбено со 2024 година претставува три пати повеќе инвестиции за оваа намена. Со овие средства ќе обновиме десетина објекти на Армијата и ќе биде изготвен проект за комплетна реконструкција на Домот на Армијата кој се наоѓа во центарот на нашиот главен град и кој треба да претставува вистински репрезентивен објект, како што и доликува на една армија и на една држава. Во многу лоша состојба се и објектите каде што се сместени подрачните единици на Министерството за одбрана, со крајно несоодветни услови за работа. Ист е случајот и со камповите „Св. Наум" во Охрид и „Стар Дојран" во Дојран и хотелот „Шар" на Попова Шапка. Планираме да се инвестира и во овие објекти, за и тие капацитети да станат достојни за користење од армиските припадници и да бидат во служба на граѓаните.

**Какви се плановите за следните години, на што ќе биде насочен фокусот околу процесите на модернизација? Кое е Вашето мислење за барањето на новата администрација на САД за зголемување на процентот за одбрраната од 2 на 5 проценти, кој членките на НАТО треба да го одвојуваат од БДП ?**

Модернизацијата и опремувањето првенствено ќе биде наменето за Лесната пешадиска баталјонска група која е стационирана во штипската касарна. Првиот клучен документ кој нè води во овие процеси е Долгорочниот план за развој на одбранбените способности (опфатен е периодот 2023 – 2032 година), а вториот дикумент за усогласувањето со НАТО се Целите на способности. Сите набавки кои ги правиме се врз основа на овие два документи. Очекувам 2026 година да биде одбележана со продолжување на овие процеси, како и со пристигнувањето на првите два хеликоптери во воздухопловниот ВИНГ на Армијата, што ќе биде голем чекор напред за модернизација нанашите воздухопловни сили.
Кога е во прашање зголемувањето на процентот од БДП за одбраната, пред сè, ќе кажам дека, за разлика од некои поголеми и економски посилни држави, Македонија е дел од земјите сојузнички во НАТО кои ја исполнуваат актуелната обврска за издвојување на 2% за буџетот на одбраната. Она што е особено важно е ние посветено да работиме во согласност со плановите и да инвестираме во одбранбените капацитети кои се од суштинско значење за заштита на граѓаните, односно за заштита и зачувување на мирот и стабилноста на територијата на Алијансата. Како дел од најголемиот политичко-воен сојуз, НАТО, нагласувам дека не претставуваме закана за никого, но заеднички инвестираме за да бидеме подготвени да ја одбраниме секоја педа од оваа територија. Инвестираме во одбранбени цели кои ќе гарантираат мир, и врз таа основа ќе го зацврстуваме системот на одвраќање и одбрана.

**За 2026 година е најавена проверка од НАТО за воената способност на Армијата и нејзината компатибилност со Алијансата. Кои се вашите претпоставки во однос на оценките?**

„Македонската армија е професионална и целосно подготвена да ги исполни своите задачи и јас се гордеам со нашите припадници. Сите ние во Министерството за одбрана, а и началникот со целиот Генералштаб и првопотчинетите единици на Генералштабот, целосно сме посветени развојот на Армијата да се интензивира и убеден сум дека ќе ги исполниме сите стандарди и ќе бидеме оценети со највисоки оценки, особено во делот на Лесната пешадиска баталјонска група каде што е ставен фокусот."

**Македонија даде согласност за нов пакет воена помош за Украина. Во што би се состоела таа помош за Украина на која досега и дадовме поголем дел од оклопното оружје? Дали е можно испраќање на македонски војници под „капата" на ООН/НАТО?**

„Македонската Влада досега донесе 15 одлуки за хуманитарна и военотехничка помош за украинскиот народ за одбрана на нивната независност и територијален интегритет (пакет помош). На секое барање од тамошните власти сме пристапувале со целосна сериозност и сме одговориле во согласност со нашите можности. Но, на сите треба да им биде јасно дека нам, првенствено ни е важна безбедноста на Македонија и колективната безбедност во НАТО. Секако, посветеноста кон Украина останува, но без тоа да влијае на борбената готовност и развој на македонската армија. Затоа сакам да потенцирам дека Генералштабот е најстручниот сегмент во одбраната кој може да утврди која опрема, во согласност со плановите за развој не ни е нам потребна и би можела да се донира. Тоа значи дека секоја донација на опрема нема да влијае на борбената готовност на Армијата. Во однос на вториот дел од прашањето, во моментов не се разговара за испраќање на македонски војници во Украина. Како што и претходно кажав, она што за нас, а и за останатите граѓани на Европа е најважно, е да се реши овој конфликт што поскоро и да завладее мир.



**Имајќи ги предвид актуелните случувања во Украина и на Блискиот Исток, какви се безбедносните процени на Алијансата за оваа година за регионов и за Македонија?**

Сите информации со кои располагаме и како Министерство, но и пошироко во рамки на безбедносната заедница, јасно покажуваат дека Македонија е безбедна и сигурна. Факт е дека на европскиот континент имаме нарушена безбедносна состојба која бара максимална сериозност и будност од наша страна, особено ако се земе предвид дека сме во регион кој знае да биде потенцијален безбедносен предизвик. Но, сепак, не на-

влегуваме во процените за тоа како ќе се одвива безбедносната состојба во иднина. Ние сме дел од колективната одбрана на НАТО и вложуваме многу во нашата безбедност и затоа сакам да испратам порака до македонските граѓани: Македонија е НАТО сојузник, Македонија е безбедна и стабилна и ние треба да ги насочиме сите наши напори да ја направиме подобро и побезбедно место за живеење.



**Како ја оценувате улогата на Македонија во регионалната безбедност на Балканот? Каков придонес дава нашето членство во НАТО?**

„Сметам дека Македонија е еден од столбовите на регионалната безбедност! Нашиот пристап секогаш бил отворен и прагматичен. И самата историја покажува дека ние сме се залагале за мир, наместо конфликт. Најдобар доказ за нашата посветеност на регионалната безбедност е учеството во повеќе мисии и операции на Балканот. Македонските војници учествуваат во НАТО мисијата КФОР на Косово. Исто така забележително е и нашето присуство во операцијата на Европската Унија во Босна и Херцеговина, ЕУФОР - АЛТЕА. Секако, продолжуваме и со нашиот придонес во мултинационалните сили на НАТО во Латвија, Бугарија и Романија, а остануваме и дел од мисијата на Обединетите Нации во Либан, УНИФИЛ. Затоа, со право можеме да говориме дека Македонија не е обичен корисник на бенефитите од колективната безбедност која што ја пружа НАТО, туку и активен придонесувач на истата. Учеството во сите овие мисии и операции покажува дека водиме безбедносна политика која има за цел воведување стабилност, мир и безбедност.“

**Членството во НАТО ги дава посакуваните ефекти, а особено значајна е и можноста за учество на македонски компании во тендерите на Алијансата. Од досегашното искуство, кои се најголемите пречки за македонските фирми да бидат конкурентни на пазарот за НАТО?**

„Пред сè, сакам да истакнам дека досега 48 македонски компании имаат добиено потврда дека ги исполниле условите за учество на НАТО пазарот и тие може да учествуваат во набавките кои се реализираат преку НАТО Агенцијата за поддршка и набавки (NSPA) и НАТО Агенцијата за комуникации и информации (NCIA). Понатаму, сè ќе зависи од самите компании, колку тие ќе ја искористат оваа можност. Изминатиов период имаше и компании кои не ги исполниле условите за регистрација, а кои најчесто се однесуваат на неисполнување на критериумите за техничка и професионална способност, како и за економската и финансиската состојба.
Инаку, во Министерството за одбрана функционира Центар за поддршка на компании, чија цел е да им се помогне во делот на евиденцијата на економските оператори и да изврши комплетна проверка на барањето и на потребната документација, по што тие би имале пристап до набавките кои ги спроведуваат НАТО агенциите за набавки. Процедурата за учество на јавните набавки е следнава: заинтересираните компании треба да поднесат барање за упис во евиденцијата на економски оператори до Министерството, кое може да се преземе од нашата веб страница. По комплетирањето на документацијата се врши упис на економскиот оператор и компаниите имаат пристап до објавите на НАТО агенциите за набавки.
Ова е исклучителна можност за пристап до пазар кој вреди над 10 милијарди евра годишно, а придобивките се многубројни – зголемени можности за бизнис, зголемен извоз, нови работни места, подобрување на технолошките капацитети и зајакнување на индустријата. Се работи за пазар кој, покрај набавката на оружје и воена опрема, опфаќа и разни други области, како градежништво, информациски и комуникациски технологии, услужни дејности, мебел, ре зервни делови, потрошен материјал итн. Затоа, јас ги охрабрувам нашите компании да сторат сè што е потребно за да ја искористат оваа можност, бидејќи тоа не само што ќе им донесе придобивки, туку ќе овозможи и раст на македонската економија.“

**Освен стабилното буџетирање и интензивирањето на модернизацијата и опремувањето, како трет столб којшто е од големо значење за МО и Армијата во оваа 2025 година го истакнавте човечкиот капацитет. Исто така, во една пригода рековте дека за вас главен приоритет е вработените да бидат задоволни и мотивирани професионалци кои ќе продолжат да даваат сè од себе за нашата Македонија. Кои чекори ќе ги преземете за остварување на таа цел, односно за унапредување и подобрување на состојбата и стандардот на сите вработени во Министерството и Армијата?**

„Пред сè сакам на сите вработените во Министерството и Армијата да им се заблагодарам за одличната соработка и посветеност во работата во изминативе осум месеци и така да продолжиме и во иднина, подготвени за заедничка и успешна работа. Како што кажав и претходно, фокусирани сме на техничка модернизација на Армијата, но никако не смееме да ја изоставиме и мотивираноста на професионалците коишто ќе ракуваат со новата опрема.
Во текот на месецов ќе се распише и јавниот конкурс за прием на 300 нови професионални војници. Со тоа би добиле нова, млада енергија во Армијата. Затоа, ги охрабрувам младите да се пријават на конкурсот, а јас ветувам дека ќе бидат примени најдобрите.
Ќе продолжиме со пополнување и унапредување на офицерскиот и подофицерскиот кадар на Армијата. Планираме прием на 60 граѓани со цивилни факултети кои после шестмесечен курс ќе бидат произведени во офицери, што е во согласност Законот за служба, потоа прием на нови 25 питомци на Воената академија и произведени нови 25 потпоручници.
Министерството за одбрана е целосно отворено за соработка со сите синдикати во одбраната и во Армијата. Ние ги почитуваме сите одредби и ги реализираме сите обврски кон синдикатите и нема да се мешаме во чекорите преземени од нивна страна.
Конечно, секој оној којшто работи, ќе биде наградуван, како што беше случај пред два месеци. Целта на Министерството за одбрана како работодавач е задоволни и среќни вработени, кои се мотивирани да дадат сè од себе за најдобро и најефикасно да ги извршуваат зададените задачи.

# Министерот Мисајловски и новоназначениот амбасадор на Италија во земјава, Паоло Палминтери

## Силно посветени на македонско-италијанската соработка

Министерот Владо Мисајловски, минатиот месец во Министерството за одбрана се сретна со новоназначениот амбасадор на Италија Паоло Палминтери и со одбранбеното аташе, полковникот Кристијан Маргерити.
Министерот Мисајловски му посака добредојде на амбасадорот Палминтери и му порача дека Министерството за одбрана целосно е посветено на развојот на македонско-италијанската одбранбена соработка, соработка помеѓу две сојузнички земји во НАТО.
„Високиот степен на реализација на активностите од Планот за билатерална соработка за минатата година и интензивната работа на овогодинешниот план кој очекуваме да се потпише во март, за време на билатералните консултации помеѓу двете земји, е доказ дека имаме заеднички цели, дека соработуваме на највисоко ниво и дека сме целосно посветени во унапредувањето на сите области во одбраната“, рече министерот Мисајловски.
Министерот Мисајловски, во контекст на набавката на хеликоптерите од италијанската компанија „Леонардо“, побара поддршка за заедничко и транспарентно решавање на наследените правни недоречености на највисоко ниво.



Македонско-италијанската повеќедецениска соработка е видлива во повеќе области на одбраната, и тоа преку експертски разговори и семинари во областа на цивилно-воената соработка, воеpoints воздухопловство, логистиката, воената полиција, сајбер-безбедноста, трансформацијата на системот за обука и едукација и други области. Изминативе години припадниците и на двете армии во повеќе наврати заеднички учествуваа во големи воени вежби со кои ја развиваа интероперабилноста, како клучен столб на заедничкото делување за зацврстување на безбедноста на територијата на НАТО.
Основа на билатералната соработка во областа на одбраната помеѓу двете земји е Спогодбата за билатерална воена соработка потпишана во Скопје во 1997 година. ■

# Министерот Мисајловски на состанок со Контакт-групата за Украина

Министерот за одбрана, Владо Мисајловски, беше во Брисел во рамки на предвидените состаноци на министрите за одбрана на Северноатлантскиот совет на НАТО. Тој учествуваше на состанокот на Контакт-групата за Украина, кој за првпат се реализира под водство на Обединетото Кралство.
Состанокот беше предводен од секретарот за одбрана на Обединетото Кралство, Џон Хили, на кој учествуваа министри и високи претставници на 50-тина земји, генералниот секретар на НАТО, Марк Руте, како и високиот претставник за надворешна и безбедносна политика на ЕУ, Каја Калас, а фокусот на состанокот беше поддршката на Украина.
Од започнувањето на агресијата врз Украина, македонската Влада досега има донесено 15 одлуки за хуманитарна и военотехничка помош и поддршка на Украина и на украинскиот народ како земја која ја брани својата независност и територијален суверенитет и во континуитет се залага за почитување на меѓународното право и правниот поредок.



Престојот во Брисел продолжи со состанокот на Северноатлантскиот совет на НАТО на ниво министри за одбрана и со состанокот на Советот на НАТО за Украина. ■

# Средба на министерот Мисајловски со амбасадорката на Норвешка Мелсом

## Македонско-норвешката одбранбена соработка се развива со засилено темпо

Министерот за одбрана, Владо Мисајловски, минатиот месец ја прими амбасадорката на Кралството Норвешка акредитирана за нашата земја, Кристин Мелсом, со која разговараше за интензивирање на одбранбената соработка помеѓу двете сојузнички земји. Министерот даде целосна поддршка за реализација на започнатите проекти и порача дека македонската одбрана и Армијата целосно се посветени на реализацијата за сите активности кои ја зацврстуваат националната и колективната безбедност во Алијансата.

„Ви благодарам за вашата континуирана долгогодишна поддршка. Заеднички реализиравме многу проекти, но не застануваме тука – остануваме посветени на развојот на нови проекти, вклучувајќи го и проектот за развој на цивилниот кадар, чија реализација ќе започне во април годинава", рече министерот на средбата.



Двете земји соработуваат и во рамките на Балканските медицински наменски сили, каде Норвешка е земја партнер и го поддржува развојот на Балканските медицинските сили. Во тој контекст, министерот Мисајловски изрази подготвеност нашата земја во 2026 година да биде домаќин на Комитетот на команданти на вое户номедицинските сили на земјите на НАТО. Воедно, беше потврдена соработката и во други области, како што е заедничкото учество на вежби, соработка во доменот на односи со јавноста, поддршка на РЦОЈ и АП Криволак, соработка меѓу воените академии и во други области.

Македонско-норвешката соработка во одбраната датира од 2008 година, кога беше потпишан и Меморандумот за соработка. Во моментов двете земји работат на усогласување на Планот за билатерална соработка во одбраната за 2025 година. ■

# Започна популаризацијата на воената професија

## Го зголемуваме интересот кај младите за воената професија



На 3 февруари во средните училишта во Скопје, Велес, Охрид, Валандово, Тетово и Прилеп започна Проектот за популаризација на воената професија, каде претставници од Министерството за одбрана и Воената академија, заедно со професионални војници, подофицери и офицери од Армијата, ги информираа средношколците за можностите кои ги нуди воената професија.

На информативните предавања младите имаа можност да се запознаат со условите за прием на служба во Армијата, но и со можностите за личен и професионален напредок кои се дел од воената професија.

Целта на Проектот е зголемување на интересот на младите за воената професија, а со тоа и зголемување на интересот на огласите за професионални војници и питомци на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" во Скопје, што е од особена важност при селектирање на различни профили на кадри.

Министерството за одбрана наскоро ќе објави оглас за прием на 300 професионални војници на кој ќе можат да се пријават сите млади македонски граѓани. Со овој оглас, што го најави министерот Мисајловски, ќе се зголеми борбената готовност на Армијата, а истовремено и ќе се подмлади со млади и мотивирани граѓани чијашто задача ќе биде безбедноста на татковината.

Популаризацијата на воената професија низ средните училишта ќе се реализира во периодот од февруари до април 2025 година и ќе опфати 99 средни училишта низ државата. Овој проект почна да се спроведува во Средното училиште „Илинден" и во Гимназијата „Никола Карев" во Скопје, потоа во ССОУ „Димитрија Чуповски" во Велес, во СОСУ ,,Св. Кирил и Методиј" во Охрид, во СУ „Гоце Делчев" во Валандово, во СУ „Кирил Пејчиновиќ" во Тетово, во СОЕПТУ „Кузман Јосифовски Питу" и во СОУ „Мирче Ацев" во Прилеп. ■

# Средба на министерот Мисајловски со амбасадорот на Австрија, Мартин Памер

На 5 февруари во Министерството за одбрана, министерот за одбрана, Владо Мисајловски, оствари средба со амбасадорот на Австрија, Мартин Памер.
Министерот Мисајловски изрази подготвеност за поддршка и имплементација на новиот билатерален план за соработка со Австрија кој опфаќа широк спектар на активности од различни области.
„Ја цениме нашата заедничка соработка за која секогаш има простор за унапредување и развој. Преку заедничката одбранбена соработка ги развиваме и ги зајакнуваме одбранбените способности на нашите земји и на тој начин ја зацврстуваме и безбедноста" рече министерот Мисајловски.
На средбата беше заклучено дека преку заедничката одбранбена соработка ги развиваме и ги зајакнуваме одбранбените способности на нашите земји, а со тоа ја зацврстуваме и безбедноста на поширокиот регион. ■



# Учество на министерот Мисајловски на Минхенската безбедносна конференција

Министерот за одбрана, Владо Мисајловски, беше дел од владината делегација предводена од претседателот на Владата, Христијан Мицкоски и учествуваше на Минхенската безбедносна конференција во Сојузна Република Германија. Министерот Мисајловски најпрвин се сретнал со заменик-помошникот секретар за одбрана на САД, Дејвид Бејкер. На средбата тие разговарале за актуелните политики во поглед на регионалната и глобалната безбедност и за модернизацијата и опремувањето на македонската армија, а од страна на Бејкер бил истакнат македонскиот придонес за безбедноста на Балканскиот регион и Источното крило на НАТО. Мисајловски присуствувал и на средбата со премиерите на македонската и хрватската влада, Христијан Мицкоски и Андреј Пленковиќ, на која се разговарало за развојот на меѓусебната соработка, за поддршка на проширувањето на Европската Унија и за влијанието на безбедноста на Балканот за континуиран развој на државите од овој регион.
Министерот Мисајловски учествувал и на работниот ручек на покана на својот германски колега Борис Писториус и учествувал на поканата на специјалниот пратеник на претседателот на САД за специјални мисии, Ричард Гренел, на сесијата посветена на новите политики на американската администрација.
Минхенската безбедносна конференција е годишна конференција на која учествуваат лидери и носители на одлуки од целиот свет и на оваа конференција се водат дебати за прашања од областа на меѓународната безбедносна политика. Целта на оваа безбедносна конференција е воспоставување дијалог и градење доверба, со цел мирно решавање на конфликтите. ■



# Министерот Мисајловски во официјална посета на Словенија

Министерот за одбрана, Владо Мисајловски, на покана на неговиот словенечки колега, министерот Борут Сајовиц, престојуваше во официјална посета на Словенија, каде што оствари состаноци со словенечкиот одбранбен и државен врв. Во Љубљана, министерот Мисајловски се сретнал и со претседателката на Словенија, Наташа Пирц Мусар.

По свечената церемонија во Министерството за одбрана, министрите Мисајловски и Сајовиц имале „тет-а-тет“ средба, а состаноци имале и двете делегации. Во Љубљана бил потпишан и Планот за билатерална соработка помеѓу двете земји за 2025 година, а на гробиштата Жале во Љубљана, министерот Мисајловски положил венец со свежо цвеќе како почит кон паднатите словенечки борци во Десетдневната војна во 1991 година.



Во вилата Подрожник, министерот Мисајловски им доделил признанија на припадниците на словенечката полиција кои активно биле вклучени во борбата со пожарите на македонска територија минатото лето. ■

# Македонско-словенечката соработка, пример за сојузништво и меѓусебна доверба

Министерот за одбрана, Владо Мисајловски, престојуваше во официјална посета на Република Словенија, каде што беше пречекан од неговиот словенечки колега, министерот за одбрана, Борут Сајовиц, со највисоки воени почести. За време на посетата министерот Мисајловски имаше средба со Сајовиц, по што беа реализирани и разговорите помеѓу двете делегации, а беше потпишан и Планот за билатерална соработка помеѓу двете земји за 2025 година. Македонско-словенечките одбранбени односи, министерот Мисајловски ги нарече „пример за тоа како треба да соработуваат две исклучително пријателски и сојузнички земји“, истакнувајќи дека тие се базираат исклучиво на меѓусебна почит и силна доверба.

„Соработуваме во многу области во одбраната, во противвоздушната одбрана, логистиката и јавните набавки, военото разузнавање, инспекцијата, во НАТО планирачкиот процес и во многу други области. Нашите војници, не само што вежбаат и се обучуваат заедно, тие заедно го носат товарот и на колективната одбрана на Алијансата, служејќи во мултинационалните сили на НАТО во Латвија. Во тоа се гледа и заедништвото“, рече Мисајловски на заедничката прес-конференција со министерот Сајовиц. Министерот се осврна и на словенечката поддршка во борбата со пожарите во нашата земја минатото лето, при што рече дека оваа поддршка е круна на соработката и дека „професионалноста на припадниците на словенечките вооружени сили, полицијата и цивилната заштита и нивната пожртвуваност, е очигледна и неизмерно ценета.“ Како чин на благодарност, во вилата Подрожник, Мисајловски им додели признанија на припадниците на словенечката полиција, армијата и на Словенската управата на заштита и решавање, кои беа активно вклучени во борбата со пожарите.

Словенечкиот министер Сајовиц, соработката во одбраната ја нарече „многу добра“ и даде силна поддршка за членство на нашата земја во Европската Унија, укажувајќи дека членството во Унијата е добро и за животот и за безбедноста во регионот. Сајовиц се осврна и на заедничките активности во регионален и НАТО контекст, спомeнувајќи ги Балканските медицински наменски сили и централноевропската одбранбена соработка, како и заедничкото учество во мултинационалните сили на НАТО во Латвија. ■





# Првиот НАТО акредитиран центар за воени односи со јавноста

PARC успешно го заврши процесот на НАТО институционална акредитација и официјално го доби Сертификатот за безусловна НАТО акредитација. Со ова значајно признание, PARC стана првиот центар за обука од Министерството за одбрана и воопшто од Република Северна Македонија што добил ваква сертификација, зацврстувајќи ја својата улога како една од водечките меѓународни институции за образование и обука во доменот на воените односи со јавноста. Со добивањето на НАТО институционална акредитација, меѓународните курсеви на PARC кои досега беа со степен на сертификација „NATO selected“, прераснуваат во највисок степен на сертификација – "NATO approved".

**Од регионален центар на САД – Јадранската повелба до НАТО акредитиран центар за едукација и обука**

Отворањето на PARC во 2005 година беше важен чекор за развојот на образованието и обуката на кадрите во областа на воените односи со јавноста во регионот. На почетокот Центарот беше основан како капацитет за обука на кадри од САД – Јадранската група, која се стремеше да создаде професионални и компетентни кадри во области кои се поврзани со воените односи со јавноста и комуникациите.



До 2010 година PARC ја развиваше својата регионална компонента, проширувајќи го своето влијание и соработка со земјите од Југоисточна Европа. Со овој чекор PARC ја зголеми својата улога и значење во регионот, обезбедувајќи обука за земјите кои се дел од процесот на евроатлантска интеграција и партнерство со НАТО.

Со цел да се приспособи на растечките потреби за обука на НАТО и партнерските земји, PARC во 2013 година, со одлука на Северноатлантскиот совет, стана член на мрежата на НАТО партнерски центри за едукација и обука (PTEC). Ова беше значајно достигнување кое не само што ја зголеми препознатливоста на Центарот, туку го позиционираше и како значаен дел од меѓународната сцена за обука на персонал за односи со јавноста (воен и цивилен) од НАТО и партнерските земји.

Сега, со добивањето на НАТО институционалната акредитација, PARC го постигна својот најголем успех, потврдувајќи го својот статус како водечка институција која ги исполнува највисоките НАТО стандарди. Овој успех е резултат на повеќегодишните напори за континуирано усовршување на капацитетите, обуките и инфраструктурата, што го прави PARC препознатлив како доверлив и стратешки партнер на НАТО и партнерските земји.

**Ригорозен процес на евалуација според НАТО стандарди**

Процесот на акредитација кулминираше со сеопфатна евалуација спроведена на 4 и 5 декември минатата година од страна на тим евалуатори од НАТО, кои врз основа на строго дефинирани критериуми го оценуваа работењето на Центарот. Оценувањето беше засновано на вкупно 31 стандард, поделени во три клучни поглавја:

1.Лидерство и менаџмент со ресурси – се заснова на процена на капацитетите на Центарот (човечки и материјални), на организациската структура и на финансиската и на административната одржливост.

2.Едукација и обука – анализа на наставните програми, методологијата на предавање и стручност и професионалност на обучувачкиот кадар.

3.Придонес кон НАТО – евалуација на капацитетите и подготвеноста на Центарот да ја поддржи Алијансата и нејзините партнерски земји (во рамките на Центарот и преку испраќање мобилни тренинг-тимови), во насока на обука на компетентни кадри (воени и цивилни лица) за односи со јавноста.


HQ Supreme Allied Commander Transformation
Directorate of Multi-Domain Force Development
Norfolk, Virginia | USA

**Quality Assurance Accreditation Certificate**

The core processes and procedures of the Public Affairs Regional Centre (PARC) were reviewed and identified as being aligned with NATO Quality Standards. Therefore, the Institution qualifies for:

**UNCONDITIONAL ACCREDITATION**

Certificate ACT/MDFD/ETPP/TT-0258 /SER:NU:032

Effective: **23 January 2025** Expires: **22 January 2031**

The *Public Affairs Regional Centre* was found to have:

a. Sound internal procedures for the assurance of quality;
b. Procedures that are applied effectively at each level to ensure the quality of education and training;
c. Effective and regular processes of reviewing the curriculum and implementing required changes and enhancements;
d. Accurate, complete and reliable information about its curriculum.

FOR THE SUPREME ALLIED COMMANDER TRANSFORMATION:

Placido TORRESI
Rear Admiral ITA NAVY
Deputy Chief of Staff, Multi-Domain Force Development

Овој процес беше суштински за потврдување на способноста на PARC да обезбеди висококвалитетна настава, ефективно управување со ресурсите и директен придонес кон Алијансата преку развој на стручни кадри во доменот на воените односи со јавноста.

**Клучната улога на Министерството за одбрана**

Безусловната НАТО институционална акредитација, но и понатамошниот развој на Центарот не би се оствариле без континуираната и значајна поддршка од Министерството за одбрана, кое одигра значајна улога во развојот и институционалното зајакнување на PARC. Министерството за одбрана, не само што овозможи институционална и административна поддршка, туку и активно придонесе за модернизација на капацитетите на Центарот, што беше еден од предусловите за усогласување со НАТО стандардите.

**Функционален систем за обезбедување квалитет – основа за акредитацијата**

Еден од клучните фактори за добивањето НАТО акредитација беше постоење на функционален систем за обезбедување квалитет што PARC го има развиено и имплементирано во сите свои активности. Овој систем се заснова на јасно дефинирани процедури за подготовка, спроведување и оценување на курсевите, што гарантира дека наставните програми не само што ги исполнуваат потребните стандарди, туку постојано се подобруваат во согласност со НАТО побарувањата за индивидуална обука од оваа област.



**Нови можности за меѓународна соработка**

Официјалната НАТО акредитација го позиционира PARC како доверлив и стратешки партнер за обуки за воени односи со јавноста. Со ова признание Центарот ја зајакнува својата меѓународна улога, отворајќи нови можности и за регионална и за глобална соработка со други центри за обука и образование, со НАТО командите и со земјите-партнери на НАТО.

**НАТО акредитацијата – признание за функционалноста на системот за образование и обука**

Добивањето на НАТО акредитацијата е голем успех за PARC, но и за Министерството за одбрана во целина. Оваа акредитација потврдува дека Центарот е подготвен да продолжи со својата мисија и да ги исполнува стандардите и барањата на НАТО, со цел да го поддржи развојот на висококвалификувани кадри од областа на воените односи со јавноста во НАТО и партнерските земји.

НАТО акредитацијата отвора нови можности за PARC и значително ја зајакнува неговата позиција и во регионален и во меѓународен контекст. Како дел од НАТО мрежата за обука, PARC има потенцијал да продолжи со развојот на својата инфраструктура, да ја прошири понудата на обуки и да го унапреди своето влијание како центар за обука за медиуми и комуникации, во контекст на НАТО партнерствата и операциите.

Со стекнувањето на НАТО институционална акредитација, PARC, не само што ја зајакнува својата способност да обезбеди висококвалитетни обуки, туку го зацврстува и своето место како еден од водечките центри за едукација и обука во областа на стратегиските комуникации. Фокусирајќи се на воените односи со јавноста и градењето отпорност за справување со дезинформации, PARC продолжува да биде клучен фактор во поддршката на НАТО и на неговите сојузници и партнери. Оваа акредитација претставува признание за целокупната функционалност на Центарот и за неговата посветеност кон развојот на современи и ефективни програми за обука кои ќе ја унапредат професионалноста кај персоналот за односи со јавноста во министерствата за одбрана и армиите на НАТО и партнерските земји.

Потполковник Сашо Гелевски




# Успешна реализација на обуката за борба во зимски услови на Воената полиција

Пишува: Борче Лозановски

Според годишниот план, Календар за обука за 2025 година, припадниците на Баталјонот на Воена полиција реализираа обука за борба во зимски услови. Обуката се одржа во реонот на Гарнизонот во Тетово (на Попова Шапка), со основна цел – припадниците на Баталјонот да се обучат и да се извежбаат во тактиките, техниките и процедурите за живот и работа во отежнати услови, при извршување на наменските задачи во разни земјишни, временски и метеоролошки услови, како и да го согледаат влијанието на студеното време и ниските температури врз луѓето и техниката при изведување на задачите во планински услови.

Активностите на обуката во зимски услови, на припадниците на Баталјонот на Воената полиција опфаќаат: давање прва помош при смрзнатини, ориентација и останати формациски и прирачни средства на терен, кои се покриени со снежна покривка, како и изработка и престој во објекти за засолнување и престој во планина, односно престојување во игло, во мечкина дупка и во бивак. Дополнително, возачите на моторните возила, во текот на обуката ги унапредуваат нивните вештини за управување на тешко прооден терен и терен со снежна покривка.

„Планираните теми на обуката во зимски услови беа успешно реализирани и во согласност со планот за зимска обука, при што припадниците на Баталјонот на Воената полиција покажаа професионалност и подготвеност за извршување на определените задачи и јакнење на тимскиот дух, што ќе овозможи да се стекне потребното ниво за изведување на задачите во планински услови“ – изјави во оваа прилика командирот на обука во зимски услови, потпоручник Иван Станишковски.

Ова беше можност да го прашаме и за совет, што се презема доколку цивилни лица се загубат на планина, како да реагираат за да излезат од непријатната ситуација?

„Најзначајно е да ги знаат основните опции за ориентација, односно да знаат географски да ги одредат правците исток, запад,север и југ. Тоа мо-



## НАМЕНА И ЗАДАЧИ НА ВОЕНАТА ПОЛИЦИЈА

Баталјонот на Воената полиција е наменет за изведување на воено-полициски задачи на целата територија на Република Македонија и НАТО водени операции преку спроведување на широк спектар на воено-полициски функции, поддршка на МВР и на останатите владини и невладини институции, како и извршување на активности кои се поврзани со попречување, испитување и откривање на кривични дела во одбраната, во согласност со Законот за кривичната постапка.

На листата на суштински задачи на Баталјонот на Воената полиција се: поддршка на мобилноста на трупите; операции за обезбедување; постапки со заробеници и привремено задржан персонал; полициски задачи, односно операции за спроведување на законот и редот и операции за стабилизација.



жат да го направат со помош на часовник, на стапчиња, а може да го направат и со компас или со бусола, секако доколку имаат можност. Сепак, потребна е обука и вежбање за цивилите да може да се снајдат во планина, а за тоа е потребно тие да поминат барем неколку видови на курсеви за преживување, за да може да се снајдат во такви ситуации“ – вели потпоручникот Станишковски.

Имајќи го предвид претходно кажаното, тој ги повика младите да ѝ се приклучат на Армијата, односно да ја искористат можноста за вработување која во наредиот период ќе ја овозможи Министерството за одбрана преку најавениот јавен конкурс за прием на 300 нови професионални војници, како и преку најавениот прием на 60 граѓани со цивилни факултети кои по 6-месечниот курс ќе бидат произведени во офицери.

„Ги охрабрувам младите да се пријават на конкурсите, да го прифатат предизвикот и да не се плашат. Сметам дека со тоа што ќе станат припадници на Армијата, ќе стекнат големо искуство и многу знаење, што ќе им помогне и во војничкиот и во цивилниот живот. Токму затоа уште еднаш ги повикувам сите млади луѓе да и сѝ приклучат на Армија и да застанат во одбрана на татковината“, истакна на крајот потпоручникот Иван Станишковски. ■





# Холандското возило „VECTOR/GRF“

## Разновидни експедициски лесни тактички возила на тркала 4x4 за употреба надвор од патот



Пишува: Идриз Идризоски

„VECTOR/GRF“ е претпочитана мобилна платформа за различни меѓународни сили за специјални операции и воздушни мобилни бригади.

„VECTOR/GRF“ е разновидно експедициско лесно тактичко возило за командоси, за движење и операции надвор од патот, произведено во Холандија од страна на „Defenture“, холандска компанија за производство на специјални и тактички лесни оклопни возила на тркала. Разновидното експедициско тактичко возило (COMANDO of road) наменето за операции надвор од патот (VECTOR) или GRF, е тактичко возило за сите терени, првенствено дизајнирано за командните трупи на „Корпс“ (Korps Command Troops - КСТ), специјална единица на Кралската холандска армија. КСТ работи како независна единица за изведување специјални операции на непријателска територија.

Поморските сили за специјални операции на Холандскиот поморски корпус (MARSOF), исто така можат да го користат возилото во своите операции. Тактичкото возило „VECTOR/GRF“ беше развиено од страна на домашната одбранбена компанија „Defenture“ со седиште во Холандија, во соработка со командоси и специјалисти од Одбранбената организација (Defence Materiel Organization - DMO) на Министерството за одбрана на Холандија. Ова тактичко возило ги замени возилата на



Фото: https://www.edrmagazine.eu/defenture-delivers-first-vehicle-of-a-follow-up-series-attvs-for-the-dutch-11-air-mobile-brigade

специјалните сили „Mercedes-Benz (MB) G280 CDI“ во холандската армија.

### Дизајн и карактеристики на тактичкото возило„VECTOR/GRF“

Тактичкото возило „VECTOR/GRF“ се заснова на борбено докажана заменлива и високо модуларна конфигурабилна GRF-платформа. Има должина од 5,1 метри, ширината е 1,8 метри и високо е 2,2 метри. Во него може да се сместат четири до пет членови на екипажот.Возилото има максимална вкупна тежина од 4.600 килограми и може да носи товар од 1.440 килограми. Капацитетот на носивост им овозможува на командосите да се потпираат на себе и да патролираат со недели, со соодветно оружје и резерви на храна и вода. Робусната централна шасија, комбинирана со погон на четири тркала и гуми на алуминиумските бандажи од 18 инчи, обезбедуваат супериорно држење и мобилност, што го прави возилото идеална опција за секој терен. Неговото преклопно управување со сите четири тркала нуди извонредно високо маневрирање, што овозможува независно управување на задното тркало.

### Заштита

Возилото располага со модуларен пакет за балистичка заштита „TenCate“, произведен од компанијата „TenCate Protective Fabrics“ од САД, кој вклучува балистички врати со и без стакло, плоча за заштита од експлозија којашто може да биде отстранета и балистичко ветробранско стакло на преклопување. Пакетот обезбедува заштита на патниците од закани, како што се мини и оружје од мал калибар.

### Вооружување

Возилото „VECTOR/GRF“ е опремено со митралез 7,62 мм „MAG“, кој совозачот може да го контролира од седиште кое се приспособува на висина. На прстенестиот носач е инсталиран дополнително тежок митралез HMG M2 од 12,7 мм или автоматски фрлач на гранати „Heckler & Koch“ од 40 мм, кој може да се преклопи за транспорт во хеликоптерот „Chinook“.Командосите можат да ги користат фрлачите на чадни гранати и од предната и од задната страна, за да се движат побрзо и за да се заштитат од видеокругот на непријателите.

### Комуникациски системи на „VECTOR/GRF“

Тактичкото возило „VECTOR/GRF“ е опремено со потребната опрема за поддршка на комуникации со краток дострел и има безбедна размена на глас и податоци на долги растојанија. Исто така, располага со приклучоци за попречување на сигнали (jammers). Електричните системи на возилото на специјалните сили се состојат од напојувачки единици од 12V и две по 24V. Возилото „VECTOR/GRF“ е опремено со одвоени електрични кола IP 67 24V (отпорни на влага, прашина и удари), во согласност со STANAG 2601, за да обезбеди напојување на возилото и на останатите комуникациски системи во самото возило.

### Капацитет на носивост

Возилото може да носи товар од 1440 килограми. Капацитетот на носивост им овозможува на командосите да бидат независни за време на продолжените задачи, носејќи соодветно оружје, храна и вода со недели.

### Мотор и перформанси

Возилото „VECTOR/GRF“ е опремено со шестцилиндричен дизел мотор од 3,2 литри „Steyr“, кој може да употребува повеќе видови на гориво, и притоа нуди максимална моќност од 160 kW и максимален вртежен момент од 500 Nm. Возилото има шестстепен автоматски менувач и капацитет на резервоарот за гориво од 115 литри.

Има оперативен опсег од 800 километри, со максимална брзина од 130 километри на час на асфалтирани патишта и 95 километри на час надвор од патиштата. Со овие карактеристики возилото се вбројува во едно од најмобилните возила на патот и надвор од патот во својата категорија.

### Мобилност и транспорт

Во бандажите на возилото е вграден елемент за итно возење во форма на цврст гумен прстен, кој служи како резервно тркало во случај на дупната гума. Напред има чекрек за извлекување, во случај возилото да се заглави.Возилото се одликува со независна задна суспензија, еднаква суспензија на сите четири позиции кои обезбедуваат висока способност



Фото: https://defence-industry.eu/dalo-industry-days-defenture-to-exhibit-the-grf-vehicle/

за движење и маневрабилност по теренски пат. Може да се користи за операции на температури кои се движат помеѓу -32°C и 49°C.Возилото може да совладува водена препрека со длабочина од 750 mm, со можност за зголемување до 860 mm. Може да се искачува вертикално на падини со наклон над 70%. Аглите на пристапот и поаѓањето на возилото се соодветно 46,5° и 43,5°, со растојание од подлогата од 340 mm (clearance). Може да совладува калливи терени и водени препреки до длабочина од 1 метар.Возилото може да се транспортира по воздушен пат или во транспортниот хеликоптер „Boeing CH-47 Chinook“, или како товар под хеликоптерот. Исто така, има повеќе точки за врзување за транспорт: по воздушен, железнички, патен и морски пат

| Спецификаци на возилото „VECTOR/GRF“ | |
|---|---|
| **Тип на возило** | лесно тактичко возило |
| **Должина** | 5,1 метри |
| **Широчина** | 1,8 метри |
| **Висина** | 2,2 метри |
| **Тежина** | 4.6 тони |
| **Носивост** | 1440 кг |
| **Посада** | 4-5 лица |
| **Мотор** | „Steyr“ 160 kw |
| **Вооружување** | митралез 7.62 мм и митралез 12,7 мм/ автоматски фрлач на гранати |
| **Оклоп** | „TenCate Protective Fabrics“ |
| **Максимална брзина на пат** | 130 km/h |
| **Автономија на опсег** | 800 км |
| **Совладување на наклон** | над 70% |
| **Совладување на страничен наклон** | 40 % |
| **Совладување на водена препрека** | 1 метар |

## Нарачки и испораки

Компанијата „Defenture“ ја заврши испораката на 75 возила „VECTOR“ за „КСТ“ во јули 2020 година.

Во декември 2022 година, „Defenture“, од Департментот за одбрана на Холандија (DMO), сега позната како Холандска команда за материјали и IT (COMMIT), доби уште една нарачка за испорака на најмалку 41 возило „VECTOR“ на Воздухопловната мобилна бригада (11 LMB), единица на Кралската холандска армија. Првото тест-возило му беше предадено на „COMMIT“ од „Defence“ во октомври 2023 година.

Со овој договор се отвораат можности Министерството за одбрана да набави дополнителни возила за во иднина, и тоа за подолг период.

Во декември 2023 година, „Армасуис“, швајцарската Федерална канцеларија за одбранбени набавки, го финализираше договорот со „Defence“ за набавка на возила „GRF“, како дел од својата програма „LAUF20“. Договорот се базира на првичниот прототип кој беше испорачан во 2021 година.

Програмата „LAUF20“ е дизајнирана да ги модернизира капацитетите на швајцарската армија со воведување напредно, лесно тактичко возило, кое може да се транспортира по воздушен пат.

Во април 2024 година, австриското Министерство за одбрана се договори со компанијата за набавка на возила „GRF“. Набавката му овозможува на „Bundesministerium fur Landesverteidigung“ да ги опреми своите сили за специјални операции (Jagdkommando) со специјализирана воена платформа. Новите возила ќе го заменат „PUCH G 290/LP Sandviper“, зголемувајќи ја мобилноста и оперативната флексибилност на силите.

Компанијата „Defenture“ повеќе од 12 години е водечки специјалист за развој и склопување на лесни тактички возила. ■



Фото: https://www.edrmagazine.eu/renewed-investments-by-dutch-armed-forces-in-dutch-defenture-vehicles

# Стратешки воздушен транспорт





Пишува: потполковник Драган Павловски

Ефективните стратешки способности за воздушен транспорт се од витално значење за да се осигура дека сојузниците и партнерите се способни брзо да ги распоредат своите сили и опрема онаму каде што се потребни. Според своите можности и потреби, нациите ги здружуваат сопствените ресурси за да овозможат подобра интероперабилност. Способноста за стратешки воздушен транспорт од една страна дава максимум напори преку споделување на ресурсите и капацитетите на земјите учеснички и придонесува за можноста за колективно стекнување средства, што би било премногу скапо за одделни земји да ги купат поединечно, а од друга страна е корисно за развој на обемот на економиите на овие и на други нации и организации.

Во минатото издание зборувавме за Командата за Европски воздушен сообраќај, која е единствена мултинационална команда од ваков тип, со богато и разновидно портфолио на повеќе од 170 воени транспортни авиони. Покрај овие колективни напори, постојат и национални програми за набавка и за подобрување на способностите за воздушен транспорт, вклучително и купување на 180 авиони „Airbus A400M“ од страна на Белгија, Франција, Германија, Луксембург, Шпанија, Турција и Обединетото Кралство, како и купување на авиони „Boeing C-17“, исто така за национална употреба од страна на Канада, Обединетото Кралство и Соединетите Американски Држави.

## ИНИЦИЈАТИВИ

Во моментов постојат три иницијативи со можности за стратешки воздушен транспорт: иницијатива за Стратешко меѓународно решение за воздушен транспорт (SALIS), Стратешка способност за воздушен транспорт (SAC) и Мултинационална флота со повеќенаменски танкери (MRTT). Сите програми нудат разновидни и флексибилни способности, вклучително и обезбедување поддршка за операциите и мисиите на НАТО, транспорт на медицинска помош, евакуација на цивилни и на воени пациенти, транспорт на цивилна и на воена опрема, доставување хуманитарна помош после катастрофи и способност за полнење гориво „воздух-воздух“. Стратешките иницијативи за воздушен транспорт вклучуваат тесна соработка со другите меѓународни организации, вклучително со Европската Унија, со Обединетите нации и со Африканската унија.

1.Стратешко меѓународно решение за воздушен транспорт (SALIS) е партнерство за поддршка кое ги изнајмува авионите „Antonov AN-124-100“. Конзорциумот се состои од девет сојузници на НАТО: Белгија, Чешка, Франција, Германија, Унгарија, Норвешка, Полска, Словачка и Словенија. Способноста е координирана од страна на Стратешката координативна ќелија за воздушен транспорт

со Координативниот центар за движење во Европа со седиште во Ајндховен, Холандија. Оваа партнерство обезбедува сигурен пристап до пет авиони, од кои три од нив се подготвени за мисија во рок од неколку дена во случај на криза, а останатите два авиони за поддршка на национални операции и мисии на НАТО и на ЕУ. Во минатото авионите беа користени за транспорт на опрема до и од Авганистан, за испорака на помош на жртвите од земјотресот во октомври 2005 година во Пакистан и за воздушен транспорт на мировници од Африканската унија во и надвор од Дарфур. За време на пандемијата, партнерството SALIS одигра витална улога во помагање на земјите учеснички итно да ја транспортираат потребната медицинска опрема. Програмата помогна за евакуација на опремата за време на повлекување на меѓународните сили од Авганистан во 2021 година. Во моментов ги поддржува земјите учеснички да ја доставаат потребната опрема до мултинационалните борбени групи на НАТО во Централна и во Источна Европа, зајакнувајќи го воееното присуство на НАТО на Истокот на Алијансата.

Партнерството за поддршка, управувано од Агенцијата за поддршка и набавки на НАТО (NSPA) е мултинационален механизам за соработка. Во октомври 2021 година, NSPA потпиша петгодишен договор со „Antonov Logistics Salis“, компанија со седиште во Германија. Договорот беше изменет во мај 2022 година, како резултат на војната во Украина. Освен авионите „Antonov AN-124-100“, сегашниот договор дополнително обезбедува товарен капацитет од други големи товарни авиони, вклучувајќи ги и „Ilyushin Il-76“. Според овој договор, на земјите учеснички на SALIS им се обезбедува сигурен пристап до способноста за стратешки воздушен транспорт за голем товар, врз основа на договорената квота на часови налет на годишно ниво. Земјите од Конзорциумот се обврзаа да го користат воздушниот капацитет од минимум 1500 часа налет годишно.

2.Втората иницијатива, Стратешка способност за воздушен транспорт (SAC), има цел да обезбеди пристап до стратешки воздушен транспорт со три транспортни авиони од типот „Boeing Globemaster III C-17“, и тоа во име на група од 12 сојузници на НАТО: Бугарија, Естонија, Финска, Унгарија, Литванија, Холандија, Норвешка, Полска, Романија, Словенија, Шведска и САД. Авионите се користат за исполнување на националните барања но, исто така, може да се распределат за операции и мисии на НАТО, за Обединетите нации и за Европската Унија или за други меѓународни цели врз основа на барање на земјата учесничка. Првиот авион, „C-17“, беше испорачан во јули 2009 година, а вториот и третиот авион следеа истата таа година во септември и октомври. Оперативниот огранок за тежок воздушен транспорт е лоциран во 47. воздушна база на унгарските одбранбени сили во Папа.

На 1 јули 2012 година, Агенцијата за поддршка и набавки на НАТО (NSPA), ја презеде одговорноста за управување и поддршка на средствата на SAC. Во 2016 година, програмата се пресели во нови капацитети во воздухопловната база Папа во Унгарија, вклучувајќи го и најголемиот наменски изграден хангар на континентот за авионите „Boeing C-17“, а во 2025 година е планирана изградба и на нова зграда за симулатор. Со овој транспорт управува воен персонал од сите земји членки на SAC, а неговите мисии главно ги поддржуваат националните барања. Операциите вклучија поддршка за меѓународните сили за безбедносна помош во Авганистан, за силите на Косово (КФОР), за операцијата „Обединет заштитник“ во Либија, за хуманитарната помош во Хаити и во Пакистан, за африканските мировни сили и помош за полските власти после воздушната катастрофа во Смоленск. Беа организирани два хуманитарни летови на SAC за да им се помогне на жртвите во Барбадос и Гвадалупе од последиците од ураганот „Ирма“ во 2017 година. Во 2021 година, SAC распореди летови за Авганистан за евакуација на персоналот од сојузничките и партнерските земји и за авганистанскиот персонал поврзан со НАТО и нивните семејства, после ко-






лапсот на авганистанската влада и авганистанските национални одбранбени и безбедносни сили. Во 2022 година, SAC транспортираше противпожарни единици од Романија во Франција за да помогнат во борбата против шумските пожари. Како одговор на разорните земјотреси што ја погодија Турција во февруари 2023 година, SAC изврши девет мисии за транспорт на итна опрема и персонал во земјата.

3.Мултинационалната флота со повеќенаменски танкери (MRTT) обезбедува стратегиски транспорт, полнење гориво „воздух-воздух“ и можности за медицинска евакуација за потребите на земјите учеснички. Способноста на МРТТ, исто така се издвојува како уникатен пример за ефективна соработка помеѓу НАТО и Европската Унија за обезбедување на критичните способности. Програмата се заснова на концепт на здружување и споделување на авионите и на трошоците кои имаат бенефит во економијата. Основниот капацитет на гориво од 111 тони овозможува реализација на мисиите за полнење гориво „воздух-воздух“, без потреба од дополнителни резервоари за гориво, обезбедувајќи максимална брзина на проток на гориво од приближно 2.200 литри во минута. Флотата на МРТТ моментално се состои од седум авиони кои веќе се во употреба. Испораката на уште два авиони се очекува во 2025 година, додека десеттиот авион ќе биде испорачан кон крајот на 2026 година. Во МРТТ учествуваат шест сојузници на НАТО: Белгија, Чешка, Германија, Луксембург, Холандија и Норвешка. Во 2016 година, Луксембург и Холандија официјално го започнаа овој проект, Германија и Норвешка се приклучија во 2017 година, а потоа следеа Белгија во 2018 година и Чешка во 2019 година. Во март 2023 година, генералниот секретар на НАТО учествуваше на церемонијата на одбележување на иницијалната оперативна способност на новата авионска флота МРТТ во воздухопловната база „Ајндховен“ во Холандија. ■

# ФАШИНИ




# Преминување препреки на лесен начин



Пишува: Александар Стојчевски

Со рускиот напад врз Украина, сѐ поважно станува враќањето на националната и сојузничката одбрана и фокусирањето на Источното крило на НАТО, а многу теми од Студената војна, исто така, повторно стануваат важни. На пример, во текот на децениските странски мисии на Блискиот Исток, способноста на копнените возила да пливаат повеќе не беше услов, а темата за преминување на водени препреки, во целина, предизвика само мало внимание. Но, одеднаш способноста да се преминуваат тенковски бариери и препреки повторно е важна. Во НАТО, речиси и да не останаа премостувачки капацитети. Со првите набавки на системи како што е возилото за поставување мост, „Легуан“, од страна на неколку нации, способностите полека повторно се зголемуваат. Но, овие системи сѐ уште се само во ограничена понуда и најчесто се мошне скапи.
Фокусот на мобилната борба е на главните борбени тенкови и на борбените возила на пешадијата. Способноста за преминување на ров со цврсти рабови е три метри или малку повеќе за главниот борбен тенк. Во најдобар случај, оклопните транспортери на пешадијата на гасеници имаат способност да совладуваат пречки кои се широки до 2,5 метри, а за возилата на тркала, горната граница е два метри. За камионите и теренските возила, секој ров чија ширина се приближува до дијаметарот на предното тркало, речиси е несовладлива.
Со векови луѓето користеле долго тенко дрво за преминување на водотеците, односно за нивно прескокнување. Ако таквите поединечни тенки дрва се спојат во пакет, цврстината и носивоста се зголемуваат експоненцијално и создаваат можност за лесно преминување, дури и на потешка опрема преку препреката. Овие снопови на тенки, долги дрва се попознати како фашини.(од латинскиот збор „Fasces“, што значи сноп).
За време на Првата светска војна, кога не биле во употреба тенковите, овие фашини се користеле за изградба на брани или за зајакнување на страничните ѕидови на рововите и сообраќајниците. Со воведувањето на првите тенкови во Првата светска војна, се јавила потреба да се пополнуваат празнините, бидејќи кратери од

експлозии и ровови имало насекаде, а тие биле премногу широки за тие да ги преминат. Познати се сликите на британските тенкови натоварени со фашини на боиштата во Фландрија. Сноповите фашини тежеле околу 1,5 тон, биле широки три метри и дијаметар од околу два метри. Откако рововите би биле наполнети со фашини, тој дел од ровот се обележувал за да се означи позицијата на преминот за сите возила што следеле. Се покажало дека скромните фашини можат да се искористат и за поддршка на тенковите.

И во Втората светска војна повторно се користеле фашините, пред сè од сојузниците. Сепак, во овој конфликт, на бојното поле биле користени и првите воени мостови на возила, во зависност од ситуацијата. Дури и тогаш мостовите на бојното поле биле оскуден ресурс. Во подготовките за сојузничкото истоварување во Нормандија биле земени предвид и потребите за совладување на пречките, и вештачките и природните, па за таа цел биле создадени повеќе специјализирани возила. Повеќето од возилата биле преработени тенкови, „Черчил“ или „Шерман“. Едно од најпознатите возила било оклопното возило на Кралската инженерија, АВРЕ (AVRE - Armored Vehicle Royal Engineers). АВРЕ бил дизајниран врз основата на тенкот „Черчил“ и можел да носи разновидна опрема за совладување пречки. АВРЕ бил дизајниран и да носи фашини за пополнување на рововите или кратерите. За време на војната, фашините биле интензивно користени во кампањата во Италија, особено при преминувањето на реката Сенио од страна на новозеландските сили. Во овој пример, модифицираниот тенк „Шерман“ му се придружил на тенкот „Черчил“ и се користеле нов тип на фашини, комбинирајќи го традиционалниот сноп со подлога со челична решетка.



*Фото:* https://threadreaderapp.com/thread/1684669813854015488

Во повоениот период, до 1980-тите, инженерците користеле фашини од снопови дрва. Традиционалните снопови дрва се приближувале до границите на тежината на возилото и бидејќи тежината на главните борбени тенкови почнала да се зголемува, било потребно и нешто друго, дополнително, а дрвените фашини имаат тенденција да лебдат што ја отежнува употребата во пречки полни со вода. Зголемување на тежината на борбените тенкови значело дека инженерците морале да бараат замена за сноповите дрва.

Најголемиот чекор напред во развојот на фашините се случил кога Кралската инженерија на Велика Британија, наместо снопови од дрва, развиле модерен систем со полиетиленски цевки. Пластичните водоводни цевки доживеале брзо воведување во градежните работи и тие се сметале за ветувачка алтернатива и речиси идеален наследник. Тие се релативно лесни, флексибилни, имаат мала пловност во споредба со дрвото и нудат значително помала отпорност на протокот. Сепак, проширувањето на четири метри и зголемувањето на дијаметарот на 2,2 метри, ја зголеми тежината на 2.200 килограми. Овие снопови на фашини имаат НАТО складиштен број и се достапни во различни големини. После многу тестирања и усовршување од страна на кралските инженерци, била претставена верзијата на инженерискиот тенк, направен врз основа на тенкот „Центурион“, со модифицирани снопови од пластични цевки. Техниката на поставување требало да се приближи до целната празнина со брзина, да се закочи остро на означена точка и да се испукаат експлозивните завртки што ги држат транспортните ленти, така што фашината, преку инерција, ќе се тркала од тенкот директно во средината на јазот. Потоа, кога тенкот е во позиција, би преминувал преку нив за да ја израмни површината на патот за да можат да поминат другите возила. Целиот овој процес траел помалку од 1 минута, а бил од суштинско значење за јуришен премин, веројатно под оган. Новиот систем, базиран на цевки, бил доволно флексибилен за речиси да се обликува во форма на јазот, без да го попречи протокот на вода. Фашините од цевки продолжиле да се користат на инженерискиот тенк „Чифтен“, кој бил употребен при ослободувањето на Кувајт. Новиот инженерски тенк на Британската Кралска инженерија се нарекува „Тројан“ и тој продолжува да го користи системот на фашини со пластични цевки, достапен во неколку големини.



Фашините, иако се едни од наједноставните парчиња воена опрема, ќе продолжат да се користат уште долго време од многу армии. ■

# Нови технологии за поголема безбедност




*Фото:* https://www.researchgate.net/figure/A-group-of-UAVs-UGVs-with-multipurpose-monitoring-system-UAV-unmanned-aerial-vehicle_fig1_353611054

# Моделирање на системи за откривање беспилотни летала



Пишува: м-р Реџеп Мустафовски

**Беспилотните летала – помеѓу иновацијата и заканата**

Беспилотните летала (UAV) првично беа создадени за воени цели, но нивната употреба брзо се прошири и во комерцијалните и цивилните сектори. Денес овие летала се користат за испорака, набљудување, земјоделство, инфраструктурни инспекции, па дури и за истражување на вселената. Сепак, нивното злоупотребување станува сè поголем проблем, особено кога станува збор за безбедноста на аеродроми, индустриски капацитети, воени бази и критични инфраструктури. Последниве години дроновите се користат за нелегално надгледување, за шпионажа, за пренос на нелегални супстанци, па дури и како средство за терористички напади. Ова наметнува потреба од развивање на напредни системи за откривање, идентификација и неутрализирање.

**Како функционираат системите за откривање на беспилотни летала**

Современите системи за откривање на беспилотни летала користат повеќе технологии за да обезбедат брзо и прецизно откривање на дроновите во реално време. Овие системи вклучуваат:

– радарски технологии кои овозможуваат долгорочно следење и откривање на дронови на големи растојанија

– оптички и инфрацрвени камери за




визуелна идентификација и следење на дронови, особено во урбани средини
– акустични сензори кои користат препознавање на звукот на роторите на дроновите
– Радиофреквенциско следење – пресретнување на сигналите помеѓу операторот и дронот.
Современите системи користат алгоритми за машинско учење и вештачка интелигенција (AI) за автоматско препознавање и класификација на беспилотните летала.

**Радарските системи – основа за откривање на дронови**

Радарите играат клучна улога за идентификација и следење на беспилотните летала, бидејќи овозможуваат детекција, независно од временските услови. Еден од најнапредните радари за дронови е „IRIS 3D“, кој обезбедува:
- 360° азимутска покриеност и детекција на цели и објекти;
- автоматско следење на повеќе цели;
- микро доплер класификација за разликување на дронови од птици;
- брза реакција со минимални лажни аларми;

Овој тип на радар е компактен, лесен за монтирање на возила или згради и способен за работа во движење.

**Интеграција со системи за неутрализација**

Откривањето на дроновите е само првиот чекор – вистинскиот предизвик е нивната неутрализација. Современите системи можат да бидат интегрирани со различни методи за спречување на беспилотните летала како што се:
– електронско загушување – блоки-рање на комуникацијата помеѓу операторот и дронот, со што дронот станува неупотреблив;
– физички пречки – специјални дронови со мрежи или ласерски системи за пресретнување;
– сајбер-напади – преземање на контролата врз дронот и негово принудно слетување.
Напредните воени системи како „AARTOS™ Drone Detection System“ веќе успешно се користат за заштита на критични инфраструктури, аеродроми и воени бази ширум светот.

**Иднината на откривањето дронови**

Со зголемување на софистицираноста на беспилотните летала, идните системи за откривање ќе мора да бидат уште побрзи и попрецизни Некои од главните трендови во оваа област се:
1. Интеграција на вештачката интелигенција – автоматска анализа на заканите и препознавање на шеми во летовите на дроновите.
2. Глобална сателитска покриеност – подобрени сензорски мрежи кои ќе можат да ги откријат дроновите, дури и во оддалечени локации.
3. Напредни хибридни радари – комбинација на повеќе технологии за поголема точност и опсег на детекција.

**Заклучок**

Системите за откривање и неутрализирање на беспилотните летала стануваат сè позначајни во модерната безбедносна индустрија. Без оглед дали станува збор за воени операции, заштита на аеродроми или критична инфраструктура, употребата на радарски технологии, AI и радиофреквенциски сензори, значително ќе ја подобри безбедноста. Со напредокот на технологијата, иднината ќе ни донесе уште пософистицирани и автоматизирани системи кои ќе можат навремено и ефикасно да реагираат на заканите од беспилотните летала.Технологијата за откривање дронови веќе не е само прашање на иднината – таа е неопходна денес! ■



# Модуларен пиштол „Walther PPQ M2“



Пишува: Ивица Дамески




Модуларниот пиштол „Walther P99Q M2“ се смета за еден од најквалитетните службени пиштоли, а се карактеризира со квалитетна изработка, одличен механизам на функционирање и безбедносни механизми, голема прецизност, одлична ергономија и баланс, добро распоредени и лесно достапни двострани команди, компактни димензии, рамка за муниција со голем капацитет, лесно се расклопува и се чисти и има голема отпорност на атмосферски влијанија одбрана). „Walther PPQ M2“ спаѓа во групата на полуавтоматски оружја и го користи модификуваниот систем „Browning“ на забравување, познат и како „Сигова брава“. Главни делови на пиштолот се: полимерска рамка, механизам за повлекување, рамка за муниција, метална навлака со преден и заден механички нишан и затворач, цевка и водиште со повратна пружина. Пиштолот нема класичен надворешен удирач (чкрапало). Оружјето се изработува од челик (навлаката, затворачот, цевката, механизмот на чкрапалото, рамката за муниција и др.) и полимер, зајакнат со стаклени влакна. Металните површини на оружјето поседуваат тенифер-површинска заштита, која овозможува пиштолот да биде заштитен од корозија и од гребење. Навлаката поседува карактеристичен трапезоиден профил со заоблени ивици, а на бочните страни напред и одзади поседува широки канали за полесно фаќање при репетирање. На задната десна страна на навлаката, на крајот од извлекувачот на чаури, е поставен индикаторот за куршум во цевката, односно кога има куршум во цевката, задниот дел од извлекувачот е вовлечен и се гледа црвена боја. Механичките нишани се ниски, борбени, широки и прегледни и на нив се поставени 3 бели фосфорни точки. Предниот нишан се приспособува според височина, а задниот нишан може да се приспособува според правец. По желба на корисникот нишаните кои се поставуваат можат да бидат од полимер или метални, а трите точки да бидат од трициумски цевки. Пиштолот има 3 надворешни команди: лост за расклопување (од двете страни на рамката), лост утврдувач/ ослободувач на навлаката (од двете страни на рамката) и копче за утврдување/ ослободување на рамката за муниција, кое стандардно е поставено од левата страна, но по потреба на корисникот може да се постави копче и од десната страна на рамката. Сите команди се проектирани да бидат ,,стопени” во телото од пиштолот, со цел да не пречат при брзо извлекување на пиштолот. Во пиштолот се вградува SA (Single Action), механизам за повлекување на чкрапалото.На предниот долен дел од рамката има шина „Picatinny MIL-STD-1913“, наменета за прифаќање на ласерски нишан или тактичко светло. Од пиштолот е развиена и верзија со подолга цевка, нажлебена на врвот за прифаќање на придушувач на истрел. Внатрешно, цевката има полигонални жлебови со десен чекор на ротација. Ракофатот на пиштолот е одлично ергономски решен, односно во склоп на стандардната опрема има три вметнувања со мала, средна и голема дебелина, кои се поставуваат на задниот дел од ракофатот, за полесно приспособување кон раката на корисникот. За да нема лизгање на рамката во раката, ракофатот е ситно чекиран  Пиштолот поседува три автоматски безбедносни механизми од кои едниот (по примерот на пиштолот „Glock“) е вграден како лост на средина од чкрапалото, вториот е безбедносен механизам на ударната игла и третиот е безбедносен дисконектор. Инаку, безбедносните механизми на пиштолот не дозволуваат испукување при неговиот слободен пад (под различни агли) од 2 m височина на тврда подлога. „PPQ M2“ (со калибар 9 mm), стандардно е опремен со челична дворедна рамка за муниција со капацитет од 15 куршуми, но развиени се и рамки за муниција со капацитет од 10 и 17 куршуми. Рамката за муниција на задниот дел има мали отвори со обележани броеви за подобра прегледност на состојбата со муниција.Расклопувањето и склопувањето на пиштолот е едноставно и се изведува без алат. Од пиштолот „PPQ M2“ се развиени повеќе верзии и подверзии во различни калибри за муницииte: 9×19mm „Parabellum“, 9×21mm,.40 S&W,.45 ACP и .22LR. ■



## Објаснување на пресек-сликата

## Пресек-слика на „PPQ M2“

1. Преден нишан.
2. Канали на предниот дел од навлаката за репетирање.
3. Цевка.
4. Сигурносен механизам на ударната игла.
5. Ударната игла и нејзината пружина.
6. Навлака.
7. Заден нишан.
8. Задна капа од навлаката.
9. Механизам на чкрапалото.
10. Лост за утврдување/ослободување на навлаката.
11. Ергономски ракофат од полимерската рамка, зајакнат со стаклени влакна.




12. Заменливо вметнување на ракофатот за приспособување според големината на раката.
13. Утврдувачка чивија на заменливото вметнување на ракофатот.
14. Челична рамка за муниција со капацитет од 15 куршуми.
15. Копче за ослободување на рамката за муниција.
16. Чкрапало.
17. Лост за расклопување.
18. Голем штитник на чкрапалото, приспособен за ракување и со ракавици.
19. Водиште со повратна пружина.
20. Шина „Picatinny MIL-STD-1913“ за поставување ласерски нишан или тактичко светло.



| Тактичко-технички карактеристики на „Walther PPQ M2“ | |
|---|---|
| **Калибар/ муниција** | 9 mm / 9x19 mm |
| **Должина** | 180 mm |
| **Височина** | 135 mm |
| **Максимална широчина** | 34 mm |
| **Должина на цевката** | 102 mm |
| **Нишанска линија** | 156 mm |
| **Тежина, празен** | 695 gr |
| **Брзина на проектилот** | 408 m/s |
| **Ефикасен дострел** | 50 m |
| **Капацитет на куршуми** | 15 |



# РАМНОПРАВНО , ДОСТО
# ВКЛУЧЕНИ ВО СИТЕ ОП
# ЧЕСТИТ


ОИНСТВЕНО И ХРАБРО
ЕРАЦИИ НА МО И АРМ
8 МАРТ



# „Ние можеме да го направиме тоа“

Пишува: Станка Петкова



**Фото:** https://tn.m.wikipedia.org/wiki/Setshwantsho:WomanFactory1940s.jpg

Рози Риветер е културна икона на Соединетите Американски Држави која ги претставувала жените кои работеле во фабриките и бродоградилишта за време на Втората светска војна.
Бидејќи светските војни биле тотални војни, било потребно да се искористи целиот работоспособен капацитет, со цел да се извојува победа над своите непријатели. Милиони жени биле охрабрени да работат во воената индустријата.
Овој принцип на севкупна мобилизација за првпат започнал за време на Првата светска војна. Тогаш жените низ целиот свет за првпат биле масовно вработувани или, поточно, мобилизирани на работни места, кои претходно биле наменети исклучиво за мажи. Втората светска војна била слична на Првата според обемот и масовноста на регрутирањето, што довело до недостиг на машка сила. Се појавил драстичен недостаток на работници, па затоа имало потреба од работна сила која единствено можело да се пополни со вработување на жени.
На овој повик жените одговориле масовно и позитивно, заменувајќи ги безмалку во целост мажите во фабриките. Жените за првпат почнале да работат на тешки градежни машини, во фабрики за граѓа, железарници, со еден збор изработувале буквално се од муниција до авиони и тенкови, секаков вид на физичка работа, вклучувајќи товарење и истоварување. Повеќето од ангажираните жени биле мајки со деца кои во тие тешки времиња се здружувале меѓусебно, помагајќи си во домашните обврски како готвење, чистење и перење. Доколку двајцата родители биле вработени, работеле во различни смени за да можат наизменично да ги чуваат своите деца.
Рози Риветер е позната по слоганот „Ние можеме да го направиме тоа"! Нејзиниот постер е симбол на феминизмот и економската независност на жените. Слични слики за време на војната на женски работници се појавиле и во други земји како што се Британија и Австралија. Рози Риветер била инспирација за многу жени, но и за Ред Еванс и Џон Џејкоб Лоеб, кои во 1943 година ќе ја објават песната „Rosie the Riveter“. По објавувањето на оваа песна, Норман Роквел направил цртеж со негова верзија на жена, кој се појавила на насловната страница на весникот „The Saturday Evening Post“ на 29 мај 1943 година. Оваа верзија на Рози била прикажана како многу помускулест приказ на жена во сино комбинезон, со црвена бандана во косата. Роквел го ставил името „Рози“ на кутијата за ручек на работникот, и на тој начин ликот на Рози Риветер дополнително се врежал во американската колективна меморија. Ова го искористила и владата, која преку комерцијано рекламирање ги охрабрувала жените да се вклучат во производството на воени материјали.
Во 1944 година режисерот Џозев Сантли, инспириран од ликот на Рози, го создал музичкиот филм „Rosie the Riveter“.
Рози постојано била инспирација за сите, а најмногу за жените кои продолжиле со борбата за еднакви права со мажите. Таа била персонификација на женската моќ од тоа време и симбол на женското движење, означувајќи ја клучната улога на жените во тие воени времиња. ■



**Фото:** https://www.npr.org/2024/04/10/1243932291/rosie-riveter-congressional-gold-medal




# Војувалиште – поле на преживување (7)



Пишува: Виктор Крстевски

Ловењето на дивите животни со огнестрелно оружје, како и слободното движење по бојиштето при изведување активности за собирање на дивата флора и фауна (ловење на диви животни) и при извршување на воени операции на сопствена или непријателска територија, е крајно недозволиво поради демаскирачките знаци кои настануваат од трагите од движењето и од звукот при стрелањето со огненото оружје. Ловењето на дивата фауна се изведува со користење на стапици: изработка на замки за лов на дивеч, изработка на средства за лов на риби и изработка на средства за лов на влекачи. Стапиците за лов на дивеч, според начинот на активирање, се делат на стапици на нагазнување, потегнување или комбинирани, додека според начинот на дејствување се делат на стапици кои дејствуваат со затегнување на јамката, кои дејствуваат со удар или со поклопување. Стапиците се поставуваат на места каде што дивите животни најмногу се задржуваат: патеки на движење на животните, поилишта, хранилишта или живеалишта, додека присуството на дивите животни се утврдува според нивните траги, измет или остатоци од храната што ја користеле. При избор на местото за поставување на стапиците за лов на дивите животни мора да се внимава да бидат така поставени што ќе бидат тешко уочливи за непријателот, да не се оставаат демаскирачки знаци, додека оставените траги треба навремено да бидат отстранети. Стапиците треба да бидат во близина на распоредените војници, во нивниот видеокруг, каде што можат да бидат набљудувани, така што во случај животно да биде уловено, тоа веднаш треба да биде усмртено, за да се спречат демаскирачките знаци кои би настанале од самите крици на заробеното животно и поради испуштање на други звуци и шумови. Уловеното животно се усмртува со удар или со колење. Во никој случај усмртувањето на животното не треба да биде со огнено оружје, поради демаскирачкиот звучен или светлосен ефект на истрелот. Уловот, откако ќе се усмрти на лице-место, се носи во безбедна зона (обезбеден реон), каде што животното се прегледува, се дере кожата, се обезбедуваат потребните количини на месо, додека остатоците од убиеното животно се фрлаат во претходно ископана јама во близина (не подалеку од 100 метри) и се посипуваат со слој на пепел од претходно користени огништа и се додава слој земја врз која се фрлаат камења и от-

сечени гранки, за да се спречи доаѓање, собирање и откопување на остатоците од уловот од други животни и ѕверови.

Месото од уловените животни може да биде извор на заразни болести, доколку се користи месо од животни заболени од некоја заразна болест. Според податоците на Светска здравствена организација (World Health Organization –WHO), околу 75% од болестите кај луѓето последниве две децении биле предизвикани од патогени организми од животни или од производи од животниско потекло („Зоонози“, Агенција за храна и ветеринарство, страница 7).

Полжавите се подлежни на паразитски инвазивни заболувања и можат да бидат извор на паразитски заболувања како што се метил, шистомијаза, фасциолијаза итн. Змиите и користењето на нивното месо како алтернативен начин на исхрана бара голема внимателност, бидејќи змиите честопати се хранат со глодари (глувци и стаорци), кои претставуваат извор на заразни болести, како што се лептоспироза и ехинококоза.

Птиците лесно заболуваат од лептоспироза и хистомоноза, додека глодарите, посебно зајаците, се подложни кон заболувања од туларемија и кокцидиоза. Папкарите (дивата свиња, дивата коза, срните, елените и полудивите коњи), лесно можат да заболат од чума, хеморагична треска, туберкулоза, лигавка, шап и други заразни болести. Особено треба да се внимава на тоа дали уловениот дивеч можеби е заболен од салмонелоза (Salmonella bongori и Salmonella enterica) и трихенолоза (Trichinella spiralis,Trichinella britovi).

Месото од уловениот дивеч може да се користи за прехрана откако најпрвин ќе се изврши детален преглед на убиеното животно. Посебно внимание се посветува дали има промени на следниве органи: јазикот, слезината, црниот дроб, цревата и цревната содржина и, доколку се забележи цироза и некроза во вид на точки и пликови или цревни паразити (глисти, црви), месото од тие животни не треба да се користи за јадење, а животното и неговите остатоци треба да се закопаат во јама. Термичката обработка на месото од уловениот дивеч е задолжителна (варење и печење), за да се спречат заразните болести салмонелоза и трихенолоза, чиишто спори се уништуваат при термичка обработка, на изложеност на температура повисока од 70 степени, во временски интервал подолг од 30 минути.

Во Прирачникот за стручноспецијалистичка обука во теренски услови на војници од интендантска служба, АРСМ, страница 149 и во „Одбрана“, Како преживети у природи од Звонимир Пешиќ, страница 286, во делот кој се однесува за калорична вредност на месото од дивите животни, постојат податоци кое диво животно колку калории има на 100 грама од неговото месо, со цел да се добие увид колку диви животни е потребно да се уловат дневно за да се обезбеди дневната минимална количина на калории.

Примитивно оружје:

Примитивното оружје (копје, лак и стрела и прашка), се наменети за усмртување на веќе уловениот дивеч кој е фатен во стапица. Уловеното диво животно станува исплашено и агресивно, па затоа и не е дозволено ослободување од стапицата, поради можност од повреди и ранувања настанати како резултат од гребење или каснување од страна на уловеното диво животно. Користењето на огненото оружје во реоните на распоредување е недозволено поради демаскирачките знаци кои настануваат при стрелање со оружјето, каде што истрелот може да биде слушнат и до 3 км, а блесокот се забележува од 1 до 2 километри.

Копје – примитивно оружје наменето за усмртување со бодење на дивото животно фатено во стапица. Копјето се изработува од стап со должина од 2 м на чијшто врв се наоѓа бодеж. Како бодеж најчесто се користи војничкиот нож (бајонет, тактички нож итн.), кој со помош на паракордјаже се прицврствува на врвот на стапот, користејќи го јазолот „Standard (ordinary) whipping“. Како алтернативна замена за врвот на копјето на војничкиот нож може да се користи и изделкан камен, зашилено парче од поголема коска и друго.

Лак и стрела – едно од најпознатите примитивни оружја, кое сè уште се користи во некои воени единици, но со унапреден дизајн и перформанси. Лакот и стрелата претставуваат далекоцелен систем на механичко оружје кое се состои од еластична лансерна направа (лак) и проектил со долга дршка (стрела).

Изработката и стрелањето со лак и стрела во теренски услови е сложен процес, бидејќи станува збор за заборавена вештина која бара соодветно знаење и постојано усовршување. Типичен претставник е англискиот долг лак, моќен средновековен лак кој се изработува од суво право стебло од тис, зеленика, брест, или јасен, без чворови и пукнатини, со должина од 1,8 до 2 метри (како мерка за должина се зема висината на стрелецот) и дебелина од 5 см во централниот дел, со благо истенчување на лакот на 3 см на краевите, кое се изведува преку делкање на дрвото од внатрешната страна. Затегањето на краевите се прави со тетива (во минатото изработена од коноп, лен, свила или тетиви од коњски нозе), која во денешни услови може да се направи од врвките од паракорд-јаже и слично. Вака затегнат, лакот треба да добие форма на латинската буква „D“. Стрелите главно се изработуваат од топола, јасен, бука и леска, во должина од 61 до 83см (просечната должина е 76 см). Врвовите на стелите можат да се изработат од зашилен камен, правилно исечена лимарина од конзервите, бакарна кожулка од куршум од пушка, каде претходно е остранет оловниот дел со загревање (оловото има ниска точка на топење од 330Ц), додека на задниот дел како стабилизатори се користат попречно пресечени пердуви во должина од 10 до 15 сантиметри. Врвот и стабилизаторите на стрелата се прицврстуваат со подврзување и лепење (импровизиран лепак во природата се добива со топење на смолата од четинарите или од други видови дрва, из-




*Фото:* *https://modernsurvivalonline.com/remington-f-a-s-t-knife-durability-test/*

мешана со ситно истолчена пепел и желатин од копита, рогови, кожа или ‘рскавици од животни, каде што смесата се меша сè додека целосно не се соедини. Изработката на англискиот долг лак е процес кој трае и до 4 години, каде што 1-2 години се потребни за сушење на дрвото. Со цел дрвото да биде заштитено од надворешните атмосферски влијанија се премачкува со восок, смола или со лој. Дострелот на стрелата зависи од силата на тежината на натегот на лакот и од тежината на стрелата. Просечно, дострелот на стрелата е околу 400 метри. Во 2017 година унгарскиот стрелец Јожеф Монус постави нов светски рекорд во лет со традиционален англиски долг лак од 412,82 м., генерирајќи енергија од 160 џули со лесна стрела.

Прашка – примитивно оружје кое потекнува од околу 2500 години пр.н.е., наменето за борба, за лов и за заштита на стадата добиток од предатори (лисици, шакали, волци итн.). Прашката како оружје за борба се користи некаде до 14век, во некои племиња сè уште се користи за лов и за заштита на добитокот од предатори, додека употреба на истата е забележана и денес од страна на некои групи на демостранти при нарушување на јавниот ред и мир, на пример за време на палестинските немири и немирите во Кенија 2008 година. Ефективноста на прашката се спомнува и во Библијата, во митската борба помеѓу Давид и Голијат, каде што Давид со удар во главата, односно со камен исфрлен од прашката го убива Голијат (Книга на судиите, 20:16). Прашката се изработува од две плетени јажиња или од врвки со должина од 60 до 100 сантиметри. Едното јаже е јаже за задржување, на неговиот крај има јамка во која се става средниот прст, додека другото јаже е јаже за ослободување (отпуштање). На крајот од јажето за отпуштање има јазол кој се држи помеѓу палецот и показалецот. Во средината на прашката, врзана помеѓу двете јажиња се наоѓа лулка (торбичка, контејнер), која се изработува во ромбо-



*Фото:* https://www.wikihow.com

| Животински вид | Кал./100гр. | Животински вид | Кал./100гр. |
|---|---|---|---|
| **Влекачи и Водоземци** | | **Птици** | |
| Зелен гуштер | 113 | Потполошка | 134 |
| Змии | 90 | Гулаб | 124 |
| Полжав | 75 | Дива шатка | 233 |
| Рак (слатководен) | 71 | Фазан | 144 |
| Жабји копани | 73 | **Јајца** | 71 |
| Желки | 89 | Потполошка | 155 |
| **Риби** | | Дива шатка | 186 |
| Попадика | 103 | **Цицачи** | |
| Клен | 79 | Верверица | 111 |
| Кркушка | 74 | Јазовец | 266 |
| Мрена | 84 | Зајак | 136 |
| Пастрмка (поточна) | 86 | Дива свиња | 104 |
| Сом | 174 | Дива коза | 165 |
| Крап | 127 | Срна и елен | 124 |
| | | Коњ | 110 |
| Потреба од калории за 24 часа | | Жени | Мажи |
| Минимум | | 1600 | 1800 |
| Оптимално | | 1900 | 2500 |
| Максимално | | 2500 | 3000 |
| Војник во услови на планинско војување троши од 4000 до 6000 калории за 24 часа | | | |



идна форма на дијамант, од платно, од кожа или од вплетени врвки. Во лулката се сместува камен со кружна или елипсоидна форма кој, кога ќе се ослободи од прашката, служи како проектил. Исфрлањето на каменот како проектил настанува преку ротационо движење на прашката во линерна проекција на исфрлање на проектилот кој достигнува брзина од 100 до 150 м/с. Проектилот, исфрлен во висока траекторија, може да достигне и далечина до 400 метри. Според Гинисовата книга на рекорди, сегашниот рекорд за најголема оддалеченост постигнат при фрлање предмет од прашка е 477,10 м., со прашка долга 127см и проектил од 62 гр, поставен од Дејвид Енгвал од Калифорнија на 13 септември 1992 година.

Во услови на преживување, прашката може успешно да се користи за лов на птици или на мали животни (верверици, зајци итн.), каде што во лулката наместо еден камен како проектил, се ставаат повеќе мали каменчиња со дијаметар од 1 до 2 см, кои при исфрлање имаат ефект сличен на сачма, истрелана од ловна пуша, со што се зголемуваат шансите за погодување на мали цели. ■




# Улогата на приватните воени компании во борбата против организираниот криминал

Пишува: м-р Ксенија Митева

Во САД внатрешната безбедност е проширена 2001 година со донесувањето акт за обединување и зајакнување на Америка со обезбедување на соодветни средства кои се потребни за опструирање на тероризмот и основање на Секретаријатот за внатрешна безбедност. Овој секретаријат воспоставил соработка и партнерски однос за безбедносните активности и операциите со голем број корпорации (ПВК), вклучени во производството на новите технологии кои се користат во областа на безбедносниот надзор и известувањето и спречување на закани кои претставуваат опасност по безбедноста на американскиот народ. Стратешка цел на Секретаријатот за внатрешна безбедност е да ги заштити сите луѓе од закани и ризици, почитување на американските врски со партнерите и деловните луѓе, темелено на зачувување на слободата и демократијата – концепт на кој се заснова угледот на САД. Терористичката идентификациска база на податоци во окружувањето ( Terorist Identities Detamart Enviroment – TIDE), е класифицирана база на податоци која сод-




ржи имиња на 50.000 терористи, осомничени и потенцијални терористи. Илјадници терминали дневно пристапуваат кон оваа огромна информациско-технолошка база на податоци, која е направена од страна на на военоиндустриската корпорација „Lockheed Martin“, под патронат на програмата „Рејлхед“, унапредена од страна на „Boing“, „SRI International“ и десетина други субконтрактори.

Зад проектот „Mastering the Internet“ – „Да се владее со интернетот“, кој има цел да ги следи случувањата на сите активности на интернет со цел превенција од криминални или терористички активности, стојат корпорациите како „Locheed Martin“ и „Detica“. Надвор од владиниот сектор, на мултинационалните корпорации и меѓународните организации се гледа како на потенцијална цел на терористички напади, им се доверуваат работи кои се однесуваат на процена на ризикот и безбедносни услуги на приватните воени компании. Приватната компанија „US Investigations Services, Inc.“, истражна служба на САД, која до 1996 г. била во составот на Владата на САД, спроведува истраги, известувања и безбедносни проверки на вработените во неколку владини агенции, а исто така има договори и со неколку комерцијални компании и клиенти.

Безбедносните партнерства помеѓу државите и ПВК се засноваат на стратегија која е замислена одредени работи (договори) да бидат реализирани за неколку години или, пак, за една или две децении. Ова е многу важно поради тоа што некои долгорочни одбранбени и безбедносни задачи и цели едноставно не смеат да се прекинат, односно мора да постои континуитет, бидејќи само на тој налин може да се гарантира успех. Интензивната соработка помеѓу владите на многу држави и ПВК ја гарантираат иднината на некои договори, што води кон поцврсти и зрели врски помеѓу јавниот и приватниот сектор. Токму поради



тоа постојат причини што може да потврдат дека безбедносните партнерства и приватните воени компании ќе станат камен-темелник на државната одбрана и безбедност на 21 век.
Во Резолуцијата 1373 на Советот за безбедност на ОН се наведува дека постои силна врска помеѓу (United Nations, Security Coucil Resolution S/RES/1373, New York, Sempember 28, 2001) меѓународниот тероризам и транснационалниот организиран криминал. Терористите можат да бидат политички мотивирани, но мотивот за создавање нелегален профит којшто стои зад организираниот криминал може да биде поврзан со терористички активности. На пример, перењето пари, илегалната трговија со оружје, илегална трговија и пренесување на нуклеарно, хемиско, биолошко и други потенцијални смртоносни материјали и.т. се спомнуваат во Резолуцијата 1373. Поради тоа на организираниот криминал се гледа како на помошно средство за спроведување терористички активности. Доколку некои терористички групи или, пак, обични граѓани сакаат да набават оружје или да дојдат до каква било забранета стока, постојат мафијашки групи и криминални банди кои се во можност тоа да им го обезбедат. Секако, овде не смееме да го заборавиме ни сајберкриминалот којштo секојдневно ѝ нанесува штета на светската економија. Според некои аналитичари, оваа штета се проценува на околу еден трилион долари годишно.
Освен организираниот криминал којштo претставува закана по мирот и безбедноста, трговијата со наркотици исто така претставува голема закана по безбедноста на глобално ниво. Во врска со ова, Извештајот на Канцеларијата на ОН за дрога и криминал (United Nations Office on Drugs and Crime), под името Светски извештај за дрогата 2009, установил дека Авганистан и понатаму важи за водечки производител на опиум (од којштo се прави хероин). Јужна Африка, Албанија, Јамајка и Парагвај се споменуваат како производители на околу 25% на билката канабис, додека Колумбија, Перу и Боливија се водечки производители на дрвото кока од коешто се прави кокаин (United Nations Office on Drugs and Crime, World Drug Report 2009, New York, UN, 2009 стр.63).
Денес, наркотероризмот, без сомнение претставува најдобар пример на симбиоза помеѓу организираниот криминал и тероризмот (Мијаковиќ, С, „Национална безбедност“, Белград, 2009, стр. 268). Државите и меѓународните организации кои се занимаваат со проблемот со трговија со наркотици преземаат повеќе активности како што се билатерални договори помеѓу државите, потоа САД, исто така, го поддржуваат и го помагаат планот „Колумбија“ од 2000 година и иницијативата „Мерида“ за Мексико, Централна Америка, Домениканската Република и Хаити.
Приватните воени компании, како што се меѓународната „Динкорп“ и „Воени професионални ресурси“ имаат големо искуство во давање на своите услуги за противнаркотичка обука во Латинска Америка, во Африка и на Блискиот Исток. Услугите што ги нудат овие ПВК подразбираат и теоретска и практична обука, каде што во повеќе случаи инструктори на приватни воени компании ги следат безбедносните сили (воени и полициски) за време на акции на терен.
Учеството и улогата на ПВК во борбата против трговијата со наркотици е на удар од страна на многу критичари, ако се земе предвид дека ова доведува до степен на милитаризација на целиот проблем. Меѓутоа, треба да се земе предвид дека операциите и активностите против наркотиците имаат цел во целата приказна да вметнат и воена компонента, поради тоа што поголемиот дел од организациите што се занимаваат со трговија на наркотици имаат свои парамилитантни групи. Овие групи понекогаш ги сочинуваат и неколку стотини добро обучени и опремени лица, а исто така постои тенденција во нивните редови да се ангажираат и бивши припадници на специјалните единици, како и платеници. За да се поразат ваквите структури честопати е неопходно да се употреби и смртоносна сила. ■






## (Прв дел)

# РОМАНИЈА – ГРАВИТАЦИСКИ ЦЕНТАР ЗА ОДБРАНА И ОДВРАЌАЊЕ СПОРЕД ПЛАНОВИТЕ НА САД И НА НАТО



Пишува: д-р Златко Кузманов

Регионот на Црното Море продолжува да биде стратегиско жариште каде што ќе се вкрстуваат конфликтните интереси помеѓу Русија од една страна и САД, ЕУ (НАТО) од друга страна. Црното Море стана „нов одбранбен гравитациски центар", регион во кој САД (НАТО) преземаат широк спектар на мерки и активности за зајкнување на способноста за одбрана и одвраќање на Алијансата. Во целата оваа констелација, Романија има многу важно место и улога. Но, пред да ја објасниме улогата на Романија, најпрво да ја образложиме хронологијата на развој на плановите на САД (НАТО) за зајакнато воено присуство во Југоисточна Европа, што го опфаќа регионот и на Црното Море.

САД во 2006 година започнаа да ги спроведуваат стратешките планови за нивно зајакнато воено присуство во државите од ЈИ Европа со реструктуирање и распоредување на американските сили. Со овие планови тие имаа намера постепено да го напуштаат концептот за воспоставување на големи воени бази кои се далеку од потенцијалните зони на конфликти и да отвораат воени бази кои се поблиску до места каде што можат да бидат употребени силите на Армијата на САД и на НАТО. Ова стана официјално со потпишувањето на Договорот за соработка во областа на одбраната (Defense Cooperation Agreement - DCA), каков што е примерот со Полска, Романија, Бугарија, Чешка и балтичките држави. Ваквата стратешка определба е потврдена и со Стратегијата за национална безбедност на САД од 2010 година во која се дадени стратегиски насоки за репозиционирање на локациите и на поставеноста на дел од воените бази на тлото на Европа. Во согласност со Стратегијата, дел од базите се преместуваат од развиените држави од Западна Европа во т.н. области на „Нова Европа" – Романија, Полска и Бугарија. Како главна причина за тоа се истакнува борбата против државите кои го поддржуваат тероризмот во поширокиот регион, но јасно е дека со тоа се поместува „линијата на огнот" поблизу до границата со Русија, која оттогаш започна помасовно да распоредува ракетни и противракетни системи долж нејзините граници со европските држави.

Агресијата на Русија во 2014 година врз територијата на Украина, со што беше анексиран полуостров Крим, само ги забрза овие планови на Пентагон и на НАТО. Од тие причини и министрите за одбрана на земјите членки на НАТО во февруари 2015 година донесоа одлука за проширување на воеността присуство на Алијансата во земјите членки од Источна Европа, со цел заштита на сојузниците. Оваа намера е потврдена во 2017 година и од генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг, кој истакна дека НАТО ќе воспостави нови во-

ени бази во балтичките држави, во Полска, во Романија и во Бугарија.

Во согласност со Стратегијата за национална безбедност на САД од декември 2017 година, во воениот буџет за 2018 година се предвидени значителни финансиски средства (200 милиони долари) за реорганизација, прераспоредување и обновување на воените бази (пред сè на авиобазите) на територијата на Европа, а особено во Југоисточна Европа (Полска, Естонија, Латвија, Унгарија, Словачка, Романија и Бугарија). Преструктуирањето на воените капацитети на САД во Европа е во координација со НАТО алијансата, од причина што поголем број од воените бази на Армијата на САД (особено на територијата на Европа), воедно се декларирани и за потребите на НАТО алијансата. Таквите воени бази, во кои се сместени мултинационални команди и штабови, треба да му помогнат на НАТО (и на САД) во раководењето со „Силите за брз одговор“, кои ќе делуваат против заканите врз државите членки на НАТО или за нивна одбрана од напад.

Од ова перспектива, во услови кога Русија изврши агресија врз територијата на Украина, имаме сложена безбедносна состојба во Европа и изграден одбранбен став на ЕУ кон заканите од Русија. Интересно е да нагласиме дека во 2010 година на Самитот на НАТО во Лисабон сè уште се зборуваше за „постигнување на партнерство помеѓу НАТО и Русија“. Исто така, во тој период на Кина не се гледаше како на закана, додека релациите помеѓу Русија и Кина се опишуваа како „продлабочено стратегиско партнерство“, кое е закана за Алијансата.

*Променливоста на геополитиката можеме да ја илустрираме со следниве констатации:*

*1.На Самитот на НАТО во Лисабон во 2010 година сè уште се збореше за „постигнување на партнерство помеѓу НАТО и Русија“. Но, сега, на Русија се гледа како на најдиректна закана за безбедноста на НАТО и за стабилноста на евроатлантскиот простор.*

*2.Во тој период на Кина не се гледаше како на земја што претставува закана, додека релациите помеѓу Русија и Кина се опишуваа како „продлабочено стратегиско партнерство“, кое е закана за Алијансата. Меѓутоа, сега Кина се перципира како „систематски предизвик и закана“ за евроатлантската безбедност.*

*3.Во новиот концепт на НАТО се нагласува дека „хибридните напади против Алијансата“ достигнуваат ниво и ефект на вооружен напад, кој повикува на членот 5 од Договорот на НАТО.*

Имајќи ја предвид целта на овој труд, а тоа е да ја анализираме Романија, во продолжение ќе направиме подетален осврт како започна и како се спроведуваше зајкнатото парнерство на безбедносен план помеѓу Романија и САД (НАТО) и на нејзината специфичната позиција и улога во плановите за одбрана и одвраќање на САД (НАТО). Многу брзо после приемот на Романија како полноправна членка на НАТО во 2004 година, САД покажаа интерес за интензивирање на одбранбената соработка со Романија. Така, во април 2006 година во Букурешт е потпишан Меѓудржавен договор за одбранбена соработка. Со овој договор е предвидено и отворање на неколку воени инсталации и бази на САД на територијата на Романија.

На Самитот на НАТО во Велс, одржан во 2014 година, се донесени заклучоци да се поддржат и да се интензивираат активностите за обезбедување на противракетна одбрана во Централна и во Источна Европа. Било одлучено да се започне со распоредување на Одбранбен рактен систем (AEGIS – ASHORE - Ballistic Missile Defence System) во Романија, кој требало да заврши до 2015 година и кој требал да биде способен да ги пресретнува и да ги соборува офанзивните балистички ракети. Исто така, било одлучено да се распореди AEGIS-систем од бродови-разурнувачи во пристаништето Рота во Шпанија, како и во други региони на Медитеранот и да се развиваат способности за балистичка ракетна одбрана со активни слоеви – Active Layered Theatre Ballistic Missile Defence (ALTBMD). Според оваа одлука од Самитот на НАТО во Велс, Армијата на САД ја отворила ракетната одбранбена база (AEGIS-ASHORE) во градот Девеселу во Романија, кој е лоциран 170 км западно од Букурешт и опфаќа пресретнувачки ракети од типот „СМ-3“. Се работи за сложени, високософистицирани и скапи системи кои се дел од вооружувањето на армиите на развиените држави. Поконкретно, противракетната одбрана е систем кој се состои од мрежа на сателити за рано предупредување (a network of early-warning satellites), нови X-Band радари со голема моќност (a new high-powered X-Band radar), пресретнувачки ракети од мал (short-range), среден (medium-range) и долг дострел (intercontinental), центри за контрола на огнот; центри за контрола и комуникации и помошни командни групи.

Според плановите на Пентагон за финансирање на воените бази во 2018 година, биле предвидени 21 милион долари за модернизација на американско-романската воена авиобаза „Михаил Когалничеану“ (57th Air Base "Captain Aviator Constantin Cantacuzino"), лоцирана 27 км североисточно од Констанца. Во оваа авиобаза се распоредени и системи за противракетна заштита од типот „Патриот“, чија намена е заштита на територијата на Европа од евентуален ракетен напад од Блискиот Исток и од Русија. Во авиобазата ќе биде и Командниот центар за контрола на воздушниот простор на НАТО, со распоредување на 3D-радар „LANZA LTR-25“ со долг дострел. Во авиобазата се распоредени и стратешки бомбардери „B-5H Stratofortress“ на Воздухопловните сили на САД. Според плановите на САД (НАТО), воената авиобаза „Михаил Когалничеану“ треба да биде идна најголема база на НАТО во која ќе може да се сместат 10.000 војници, а за нејзиниот развој и изградба и за целата инфраструктура е предвидено да се потрошат повеќе од 2 милијарди евра.

Во 2018 година биле предвидени 3 милиони евра и за обновување на воената авиобаза „Генерал Еманоил Јонеску“, лоцирана 40 км јужно од градот Клуј Напока во северозападниот дел на Романија. Воздухопловните сили на Армијата на САД во оваа база веќе имаат изградено хангари за сместување на беспилотни летала, дронови „MQ-9 Reapers“ и објекти за поддршка на разузнавачки операции во Источна Европа и во регионот на Црното Море. Во оваа авиобаза ќе бидат сместени 3 борбени ескадрили на Армијата на САД и околу 49 борбени авиони „Ф-16“. ■



Улогата на подофицерите во извршувањето на концептот „Mission Command“



# ПРЕДИЗВИЦИ ВО ЛИДЕРСТВОТО ЗА ВРЕМЕ НА НЕКОНВЕНЦИОНАЛНО ВОЈУВАЊЕ



Пишува: главен наредник Горан Ќирковиќ

Концептот „Mission Command“ е еден од критичните елементи за воеPното раководство, кој ја нагласува важноста од обезбедување јасна намера на командантот и користење на наредбите за постигнување на организациските цели. За време на неконвенционално војување овие принципи стануваат уште покритични. бидејќи помагаат да се воспостави меѓусебно разбирање помеѓу војниците и да се обезбеди рамка за донесување одлуки во сложени и несигурни средини. Покрај тоа, неконвенционалното војување има различни предизвици кои влијаат на менталната и на емоционалната состојба на војниците, што го прави управувањето со стресот критичен атрибут на лидерството.




MISSION COMMAND КОНЦЕПТ

Принципи на „Mission command“ при неконвенционално војување

„Mission Command“ е лидерска

филозофија која го нагласува децентрализираното одлучување и овластувањето на подредените (Empowering) да преземат иницијатива и да спроведуваат донесување на одлуки за постигнување на намерата и крајната цел на командантот. Овој пристап е фундаментален за време на неконвенционално војување, каде што опкружувањето е често непредвидливо и динамично, а успехот зависи од способноста на војниците и подофицерите брзо да се приспособат на променливите околности. Еден од клучните принципи на „Mission Command“ е командантот да има јасна намера. Клучна улога во спроведувањето на намерите на командантот имаат подофицерите на сите нивоа, почнувајќи од командирите на одделение до првите подофицери во четите, кои како директно претпоставени на војниците, односно како експерти за лидерство и војување, успешно ги водат до извршување на крајната цел. Подофицерите го практикуваат концептот „Mission Command“ во неконвенционалното војување, бидејќи оперативната средина е често сложена и двосмислена, а идентификувањето и таргетирањето на непријателот може да претставува предизвик. Јасната намера на командантот ги води подредените кон севкупната цел на мисијата и посакуваната крајна цел, овозможувајќи им да донесуваат одлуки и да преземаат дејства во согласност со таа намера. На тој начин се обезбедува командантите да ги усогласуваат сите напори за постигнување на целите на мисијата. Подофицерите, употребувајќи критичко и креативно размислување, ја разбираат крајната цел на командантот и го употребуваат своето знаење и искуство за остварување на целта.

Друг клучен принцип на „Mission Command“ е да се користат наредби за мисии. Наредбите за мисии се директиви кои им ги обезбедуваат на подредените потребните информации и ресурси за да постигнат одредени цели, а истовремено им овозможуваат слобода да се приспособат на променливите околности и да донесуваат одлуки врз основа на нивната процена на ситуацијата. Во овој случај подофицерите ја добиваат мисијата на одделението/водот/четата но, воедно, ја знаат и намерата на командантот, односно крајната цел на мисијата, најмалку две нивоа повисоко. Во неконвенционалното војување, каде што непријателот може да биде подвижен и тежок за



пронаоѓање, наредбите за мисијата им овозможуваат на подредените да ги приспособат своите тактики и операции како одговор на променливите околности. Ова ќе им овозможи на лидерите на сите нивоа да ги искористат можностите и брзо да одговорат на заканите.

Генерал-полковник Стенли Мекристал, командант на Здружената команда за специјални операции (JSOC) во Багдад од 2003 до 2008 година, увидел дека командата треба да ги ревидира стандардните командни процедури за комплицирани операции. Презентацијата на Мекристал за „Mission Command“ во тоа време претставува иновативна и смела одлука . За да го направи ова, Мекристал делегира овластување за одлучување на подредените кои дејствуваат независно. Тој успева да развие заедничка свест за да им помогне на лидерите да ја разберат и да одговорат на меѓузависноста на бојното поле (Кинг, 2017).

Принципите на „Mission Command“ за обезбедување јасна намера на командантот и користење на наредбите за мисијата се од суштинско значење за неконвенционалното војување бидејќи овозможуваат флексибилност, приспособливост и децентрализирано одлучување. Ваквата ситуација ги става во прв план подофицерите – командири на одделенија, први подофицери во вод/чета и главните подофицери на баталјон кои најдобро ги познаваат војниците и нивните можности, односно со своето искуство можат ефикасно да ги водат единиците до крајната цел. Сепак, ефикасното спроведување на принципите на „Mission Command“ за време на неконвенционално војување е единствениот предизвик во управувањето со стресот меѓу воениот персонал кој работи во сложени и непредвидливи средини. ■



# Избори во Организацијата на резервни офицери

Според Статутот на Организацијата на резервни офицери, редовни избори се спроведуваат на секои четири години, па така почетокот на 2025 година беше во знакот на ангажирање на општинските организациони единици за успешно спроведување на изборите, поради што беше намален обемот на другите активности од Програмата за работа и обука за 2025 година. Спроведувањето на изборите беше регулирано со Одлука на Собранието на ОРОРСМ, со мандат за периодот од 2025 до 2029 година, донесена на Шестата седница на Собранието, која се одржа на 20 декември во Домот на Армијата. Во согласност со Одлуката, изборите требаше да се спроведат во периодот од 15 јануари до 5 февруари 2025 година во општинските организациони единици, кои своите записници од изборните состаноци на собир на резервните офицери требаше да ги достават до 10 февруари, со цел истите да бидат разгледани и воедно да се утврди нивната исправност од страна на Комисијата за статутарни, организациони и кадровски прашања, како услов за одржување на Конститутивно изборна седница на Собранието која, ако се исполнат сите услови за нејзино одржување, е предвидено да се одржи на 21 февруари. Може да се заклучи дека изборите успешно беа спроведени во 24 единици, од вкупно 26 општински организациони единици, во предвидениот рок – од 15 јануари до 5 февруари. ■



Пишува: Тони Мицевски

# Чествување на великанот Гоце Делчев

Негувањето на слободарскиот дух и одбележувањето на значајните годишнини од настани и личности од подалечното и поблиско историско минато претставуваа значајна и континуирана активност на Организацијата на резервни офицери на РСМ и, воедно, се програмски содржини на нејзините општински организациони единици. Потврда на гореспоменатото претставуваат и активностите кои беа организирани на 4 февруари, на републичко и на општинско ниво по повод 153-годишнината од раѓањето на големиот македонски син и апостол на македонската револуционерна борба, великанот Гоце Делчев, идеолог, организатор и водач на македонското революционерно националноослободително движење кон крајот на XIX и почетокот на XX век. По тој повод, на републичко ниво, делегација на Организацијата на резервни офицери, предводена од претседателот, д-р Гоце Георгиев, положи свежо цвеќе пред неговото вечно почивалиште во дворот на црквата „Свети Спас“ во Скопје. Значајно е да се напомене дека овој ден достоинствено беше одбележан и од Градската организациона единица на Скопје и од општинските организациони единици на Куманово и на Делчево. Градската организациона единица на Скопје, предводена од претседателот Никица Бангиева, положи свежо цвеќе пред неговото вечно почивалиште во дворот на црквата „Свети Спас“ во Скопје. Делегацијата на ООЕ на ОРОРСМ од Делчево, предводена од нејзиниот претседател, Светлана Илиевска, се поклони пред споменикот на Гоце Делчев кој се наоѓа во центарот на градот, оддавајќи почит кон неговиот лик и дело, додека делегација на ООЕ на ОРОРСМ Куманово, предводена од претседателот Благојчо Илиевски, оддаде почит со полагање на свежо цвеќе пред бистата на Гимназијата „Гоце Делчев“. ■





# Хумана иницијатива, полна со емоции

Пишува: Марија Пеликон

Денесе е повеќе од потребно да постои хуманост. Хуманоста треба да претставува императив за секој поединец за да можеме да изградиме општество со вредности кое секој го посакува, а воедно и заедно да ја зацврстиме заедницата во која живееме. За остварување на оваа цел, со скромен придонес, Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата преку Секцијата за цивилно-воена соработка, реализираа акција за донација на кондиторски производи и слатки задоволства.

Имено, на 30 јануари 2025 година го посетивме танцовиот клуб „Еурека“ од Скопје, којшто во својот состав на играни претстави вклучува и лица со инклузија, како и Здружението на граѓани за помош и поддршка на лица со Даунов синдром „Трисомија 21“ од Скопје.

Бевме многу задоволни што оваа посета кај децата предизвика весели насмевки, бидејќи нема ништо повредно од детската насмевка и од чувството дека нечиј живот за миг си го направил поубав, поразличен. Атмосферата беше исполнета со емоции, со среќа, како и со голема возбуда со која децата нè пречекаа. Огромна благодарност зрачеше од нивните лица. На заминување, двете здруженија врачија благодарници до Министерството за одбрана и Армијата. Со еден збор, ова беше прекрасно дружење, иницијатива полна со емоции.



Средбата заврши со искрени желби за идна соработка, но и со отворена покана да бидеме почесни гости на нивните следни претстави и заедно да ја споделиме среќата од нивните лични достигнувања и успеси. ■

# ОСНОВИ НА САЈБЕР-БЕЗБЕДНОСТА




## Чувајте го вашиот дигитален живот

**Дефиниција и цел на сајбер-безбедноста**

Сајбер-безбедноста претставува збир на технологии, процеси и практики, дизајнирани да ги заштитат мрежите, уредите, програмите и податоците од сајбер-напади, неовластен пристап, оштетување или кражба. Оваа дисциплина се занимава со заштита на дигиталната инфраструктура и информации во различни сфери, вклучувајќи владини, корпоративни и лични системи.

Главната цел на сајбер-безбедноста е да се обезбеди доверливост, интегритет и достапност на податоците и системите. Со оглед на постојаниот развој на технологијата и зголемувањето на заканите, сајбер-безбедноста станува клучен фактор за заштита на критичните информации и за одржување на безбедноста во дигиталниот свет.

**Историја и развој на сајбер-безбедноста**

Концептот на сајбер-безбедност започнал да се развива со појавата на првите компјутерски системи и мрежи. На почетокот компјутерите биле изолирани системи, па затоа не постоела голема загриженост за безбедноста. Сепак, со развојот на интернетот и глобалната поврзаност, сајбер-заканите почнале да стануваат сè позначајни.

Првите познати хакерски напади датираат од 1980-тите години, кога поединци и групи почнале да експериментираат со малициозен софтвер и методи за неовластен пристап до системите. Оттогаш до денес, сајбер-заканите еволуираа и станаа многу посложени, што доведе до развој на напредни безбедносни мерки и технологии.

**Трите главни аспекти на сајбер-безбедноста**

Сајбер-безбедноста може да се разгледа преку три основни аспекти: доверливост, интегритет и достапност (CIA-тријада).

**1. Доверливост (Confidentiality)**

Доверливоста има цел да спречи неовластен пристап до податоците. Ова значи дека информациите треба да бидат достапни само за овластени корисници или системи. За да се постигне доверливост се користат различни методи, како што се енкрипција, контролни листи за пристап, автентикација преку лозинки или биометриски податоци.

Пример за нарушување на доверливоста е кога некој хакер добива пристап до доверливи податоци, како што се финансиски информации или лични податоци на корисници. Ова може да доведе до финансиски загуби, правни последици или нарушување на угледот на организацијата.

Во современите системи доверливоста се обезбедува преку механизми како што се „енд-ту-енд“ енкрипција, двофакторска автентикација (2FA) и безбедносни политики, кои ги ограничуваат правата за пристап на корисниците.

**2. Интегритет (Integrity)**

Интегритетот на податоците се однесува на точноста и целосноста на информациите. Тоа значи дека податоците не треба да бидат изменети, оштетени или избришани без овластување. За да се обезбеди интегритет, се користат техники како што се контрола на верзиите, дигитални потписи и механизми за откривање на промени (checksum, hash-функции).

Ако напаѓачот успее да промени критични податоци (на пример, да измени финансиски трансакции или медицински записи), тоа може да предизвика сериозни последици. Затоа, заштитата на интегритетот е клучен аспект на сајбер-безбедноста.

За да се заштити интегритетот, организациите применуваат техники како што се Blockchain-технологијата, резервни копии на податоци и проверка на дигитални потписи.

**3. Достапност (Availability)**

Достапноста значи дека информациите и системите треба да бидат достапни за овластените корисници кога им се потребни. Ова вклучува заштита од прекини во функционирањето, со што се спречуваат напади како што се „одбивање на услуга“ (Denial of Service - DoS) или дистрибуирани DoS (DDoS) напади.

Пишува: Ј. П.

За да се одржи достапност, организациите применуваат резервни системи, механизми за обновување по катастрофи и редовни безбедносни ажурирања. Ако дадениот систем е компромитиран и недостапен (на пример, веб-страницата на некоја банка е „падната“ поради напад), тоа може да има сериозни последици врз бизнисот и корисниците.



**Видови на сајбер-закани и последиците од нив**

Современиот дигитален свет нуди безброј можности, но во исто време претставува поле за различни видови сајбер-закани кои можат да предизвикаат огромни штети. Разбирањето на овие закани е клучно за да се преземат соодветни мерки за заштита. Во оваа анализа ќе ги обработиме најчестите и најопасните видови на сајбер-закани, нивното функционирање и реалните примери од светот.

**1. Злонамерен софтвер (Malware)**

Злонамерниот софтвер, или малвер, е еден од најчестите типови на сајбер-напади. Овој вид софтвер се инсталира на уреди без знаење на корисникот и може да изврши најразлични штетни активности, како крадење податоци, уништување на информации или преземање контрола врз системот.

Подвидови на малвер:

•вируси – софтвер што се прикачува на легитимни програми и се шири со нивно извршување;

•тројанци – малвер, кој изгледа како корисен софтвер но, всушност, врши малициозни активности во позадина;

•рансомвер – шифрира податоци и бара откуп за нивно отклучување (најпознат пример: WannaCry, 2017);

•шпионски софтвер (Spyware) – го следи однесувањето на корисникот и ги краде неговите податоци без негово знаење.

**2. Фишинг (Phishing)**

Фишингот е техника на измама во која хакерите се претставуваат како легитимни институции за да ги измамат корисниците и да откријат доверливи податоци, како што се лозинки, број на кредитни картички и лични податоци.

Видови фишинг:

•е-пошта фишинг – лажни пораки кои содржат линкови до малициозни веб-страници;

•спеар фишинг (Spear phishing) – целни напади кон одредени индивидуи или организации;

•вишинг (Vishing) – фишинг преку телефонски повици;

•смишинг (Smishing) – напади преку SMS-пораки.

**3. Напади од типот „Одбивање на услуга“ (Denial of Service - DoS)**

DoS и DDoS нападите имаат цел да го преоптоварат серверот, мрежата или веб-страницата со огромен број барања, односно зголемување на сообраќајот на податоци, што доведува до пад на системот и недостапност за легитимните корисници.

Познати DDoS-напади:

•GitHub (2018) – еден од најголемите DDoS-напади во историјата, достигнувајќи 1.35 Tbps сообраќај.

•Dyn DNS (2016) – ги онеспособи популарните услуги како Twitter, Netflix и Reddit.

**4. Социјален инженеринг**

Овој метод користи психолошки манипулации за да ги измами жртвите да откријат доверливи информации. Наместо да користат технички методи, хакерите ги експлоатираат слабостите во човечката природа.

Најчести техники:

•претставување како легитимни лица (Impersonation);

•креирање на итни ситуации за добивање информации;

•манипулација преку доверба.

**5. Кражба на идентитетот (Identity Theft)**

Хакерите крадат лични информации (име, адреса, број на кредитна картичка) за финансиска добивка или криминални активности.

Мерки за заштита:

•користење на двофакторска автентикација;

•проверка на трансакциите и личните податоци;

•избегнување споделување на чувствителни информации преку интернет.

**6. Инсајдерски закани (Insider Threats)**

Овие закани потекнуваат од вработени или поранешни вработени кои имаат пристап до доверливи информации и ги користат за лична корист или за саботажа.

**Заклучок**

Сајбер-заканите се постојано присутни и еволуираат, што налага проактивен пристап кон заштитата на личните и корпоративните податоци. Разбирањето на различните типови напади и примена на соодветни безбедносни мерки може значително да го намали ризикот од компромитирање. Соодветната едукација, користење на безбедносни алатки и одговорното онлајн-однесување се најдобрите одбранбени механизми против сајбер-нападите.

Сајбер-безбедноста е критична за заштита на информациите и дигиталните системи од најразлични закани. Доверливоста, интегритетот и достапноста се трите главни аспекти кои овозможуваат безбедно и стабилно функционирање на дигиталните услуги. Со оглед на постојаните закани, важно е да се применуваат најдобрите безбедносни практики, со што ќе се намали ризикот од сајбер-напади и загуба на податоци. Во иднина, со напредокот на технологијата, се очекува сајбер-безбедноста да продолжи да еволуира, а компаниите и индивидуалците ќе мора постојано да се приспособуваат на новите предизвици. Примената на вештачката интелигенција, машинското учење и блокчејн-технологијата, може да одиграат значајна улога за подобрување на безбедносните мерки и за заштита на дигиталниот свет. ■






# ЗГОЛЕМЕНАТА ВАЖНОСТ НА МЕЃУНАРОДНОТО ХУМАНИТАРНО ПРАВО И КРИЗАТА НА НЕГОВАТА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА



Пишува: Милорад Будимир

Правилата за војување еволуирале низ историјата на човештвото и низ различните стадиуми од неговиот развој. Првите извори на правото за војување или военото право, се обичаите како вообичаени правила на војување кои ги креирало секое општество. Древните правила на војување потекнуваат уште од времето на кинескиот воен стратег и филозоф Сун Цу и се содржани во неговото дело ,,Умешноста на војувањето”, кое е напишано петстотини години пред нашата ера. Основната идеја, помеѓу останатото, е дека војната треба да се темели на воената потреба да се совлада или да се онеспособи непријателот, но тоа не смее да го оправда чинот ако не се укаже помош на цивилите или на ранетите, на болните и на заробените непријателски војници.

Развојот на воената технологија и разорните последици од современите средства за војување се уште една од причините за тоа. Двете светски војни сведочат за употреба на средства и методи на војување со кои беа предизвикани огромни последици врз цивилното население и големи материјални разурнувања. Особено загрижувачки се сведоштвата од Втората светска војна, кога бројот на загинати цивили бил речиси идентичен со бројот на загинати војници.

Понатамошниот интензивен развој на Меѓународното хуманитарно право е непосредно поврзан со името на бизнисменот и хуманист од Швајцарија, Хенри Динан. Неговите заложби резултирале со Дипломатска конференција во организација на Владата на Швајцарија, која се одржала во Женева на 22 август 1864 година, на која учествувале 16 држави. На оваа конференција била донесена Конвенција за подобрување на условите на ранетите војници на бојното поле. Женевската конвенција е прв документ во хуманитарното право и основа на која понатаму ќе се надградува системот на хуманитарни правила. Со оваа конвенција беше востановена обврска за грижа и еднаков третман на сопствените и непријателските ранети и болни војници, без оглед на нивната национална, верска, политичка или каква било друга припадност и посебен заштитен статус за медицинскиот персонал и за санитетската опрема, особено преку обезбедување на соодветен амблем за идентификација и заштита – црвен крст на бела основа. Оваа прва Женевска конвенција во континуитет ја ратификуваа сите тогашни држави. Подоцна, како резултат на потребата од приспособување со променетите околности во светот, Конвенцијата неколкупати е ревидирана, меѓутоа нејзината основа и основна идеја останаа непроменети.

Меѓународното хуманитарно право претставува систем на правни ограничувања кои се однесуваат на: однесувањето на борците во вооружен конфликт, водењето на воените операции, однесувањето на цивилните вла-




сти и на населението во услови на војна. Предмет на Меѓународното хуманитарно право е регулирање на односите помеѓу завојуваните страни и на односите помеѓу завојуваните страни и неутралните држави, но и на правилата и рестрикциите за средствата и начините на војување, како и на правилата за заштита на определени категории лица и објекти од последиците од вооружен судир. Во тој систем, особено значајни се правилата со кои се уредува третманот на цивилите и цивилните објекти во услови на војна, односот кон жртвите од војната, како и статусот на администрацијата и редот на окупираната територија.

Цивилното население, ниту како група ниту, пак, индивидуално, не смее да биде цел на напад на припадниците на страните на конфликтот. Напади можат да се вршат само против воени цели, и тоа е основен принцип.

Ранетите и болните мора да бидат згрижени од страната во конфликтот која ги има под своја власт. Медицинскиот персонал и медицинските установи, транспортот и опремата, мора да бидат поштедени. Црвен крст или црвена полумесечина на бела основа е меѓународно препознатлив знак кој означува дека таквите лица и објекти мора да се почитуваат. Особено е потенцирана заштитата на децата во воените конфликти.

Меѓутоа, иако хуманитарното право е обврзувачко, сведоци сме на многу чести примери кога тоа не било почитувано и какви разорни последици остава кога истото не се почитува.

Кризата на имплементацијата на правилата на Меѓународното хуманитарно право можеме да го видиме во неодамнешниот конфликт помеѓу Израел и Газа. Најочигледен пример како непочитувањето на правилата на меѓународното хуманитарно право е бруталниот напад на 7 октомври од страна на „Хамас", кога имаше 1200 цивилни жртви и вклучуваше силувања, палење на деца, мачење на луѓе кои сè уште биле живи, киднапирања, убивање на родители пред своите деца и 33.000 убиства, од кои најмногу биле на жени и на деца. Во текот на целиот конфликт бевме сведоци на нехумано постапување од страните на конфликтот, кои не го почитуваа Меѓународното воено право, што остави непоправливи последици зад себе.

Интеграцијата на Меѓународното хуманитарно право во вооружените сили е исто толку важно како и процесот на интеграција на Меѓународното хуманитарно право во едукацијата и воспитувањето на припадниците на Армијата. Најпрвин треба да започне од највисоко ниво, од Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата. Интеграцијата на меѓународното хуманитарно право во вооружените сили на државата е обврска прифатена со член 83 од Протоколот I од 1977 година. Имено, со прифаќање на овој протокол, државата се обврзува уште во мирновременски услови да спроведе проучување на правилата на Меѓународното хуманитарно право кај сите припадници во вооружените сили и на сите нивоа на командување. Министерството за одбрана и Генералштабот, кои се наоѓаат на стратегиско рамниште во процесот на планирање на сите операции, треба да ги имаат предвид правилата на Меѓународното хуманитарно право, односно операциите да се планираат врз основа на почитување на правилата на Меѓународното хуманитарно право. На стратегиско ниво, каде што политичките одлуки се преточуваат во воена стратегија и се детерминира концептот на операциите, односно се планира водењето на идните операции, треба да се земат предвид забраните и рестрикциите кои се предвидени со протоколот на Меѓународното хуманитарно право. ■



# Џорџ Патон



## Тактичен и брилијантен воен лидер



Пишува: полковник Златко Блажески

Низ историјата на човештвото постојат личности кои остававиле траен белег преку делата кои ги оставиле зад себе. Една таква личности е генералот Џорџ Патон, кој со своите лидерски способности демонстрирани на борбените полиња во пустините на Африка и на терените во Европа за време на Втората светска војна остави неизбришлива трага во воената историја.
Џорџ Смит Патон Јуниор е роден во Сан Габриел во Калифорнија, САД, на 11 ноември 1885 година. Роден е во семејство кое било финансиски ситуирано, што му овозможило на Патон безгрижно детство и добро образование. Својата воена едукација ја започнал во 1903 година кога се запишал на Воениот институт во Вирџинија, а една година подоцна се запишал на Воената академија „Вест поинт“. Иако првата година во ова престижно воено школо ја повторувал, тој бил упорен и со успех ја завршил Воената академија во 1909 година како офицер на коњаничка единица. Добрата физичка подготвеност, спортскиот дух и желбата за натпревар го предизвикале Џорџ Патон да учествува на повеќебој на Олимпијадата во 1912 година и го освоил високото петто место. Патон, благодарение на своето познавање на мечувањето, станал дизајнер на коњаничката сабја во 1913 година, позната како „Сабјата на Патон“.
Борбените искуства на Патон започнале 1916 година, кога го извршил првиот моторизиран напад во историјата на САД, и тоа против силите на Мексико и Панчо Вила. Успешноста на овој напад го поставува Џорџ Патон во фокусот. Во текот на Првата светска војна командувал со оклопни единици. Во 1918 година Патонбил ранет во левата нога. За време на Првата светска војна Патон имал чин мајор. Во периодот помеѓу војните Патон бил распоредуван на неколку позиции, а кога со успех ја завршил и Командно-штабната школа се стекнал со чин полковник. Со отпочнувањето на Втората светска војна во Европа во 1939 година, САД започнале со мобилизација на силите. Полковникот Патон бил одреден за градење на оклопните сили на САД. Откако САД се вклучува во Втората светска војна, Патон бил упатен на африкан-



*Фото: https://www.wikiwand.com/en/articles/Ivan_Konev*

скиот фронт и учествувал во операцијата „Факел“ за ослободување на Казабланка. Поради големиот број на изгубени битки, командантот на 2. американски корпус, во март 1943 година бил заменет и на негова позиција доаѓа Џорџ Патон, а за негов заменик е поставен Омар Бредли. После оваа промена веднаш се уочува промена и успеси во битките кои следат, така што нацистичките сили во неколку битки биле потиснати и поразени. Во август 1943 година, генералот Патон, како командант на Седмата армија на САД учествувал во операцијата „Хаски“ – инвазијата на Сицилија. За време на оваа операција се случиле два инциденти во кои генералот Патон им удрил шамар на двајца војници кои пателе од траума и стрес. После овие два инциденти, на генералот Џорџ Патон наредните 10 месеци му е одземена командата врз потчинетите единици. Оваа неблагодарна ситуација била искористена од страна на сојузничките сили за создавање на измама кај нацистичките сили, непосредно пред денот „Д“ т.е. инвазијата на Нормандија. Имајќи го предвид високото мислење и почитување кое го имале нацистичките сили кон генералот Патон, сојузничките силите преку својата мрежа на двојни агенти создале слика кај нацистите дека генералот Патон е командант на Првата армија на САД (која воопшто не постоела) и дека истата ќе изврши напад/инвазија преку Калеанскиот Проток. Во декември 1944 година, за време на последните обиди на нацистичките сили да направат контраофанзива во Арадените, дошле до израз вистинската подготвеност и воената визија на генералот Патон. Кога силите на 101. падобранска дивизија на САД биле опкружени во Бастион и врховниот командант на сојузничките сили Ајзенхауер побарал информација од Патон за колку време би имал три дивизии за пробивање на обрачот околу силите на 101. падобранска дивизија, Џорџ кратко одговорил: Откако ќе наредите, ја веќе имам подготвено план. Брилијантноста и успешноста на генералот Патон во оваа



операција повторно го враќа неговиот углед и почит на високо рамниште. По завршувањето на војната генералот Патон е поставен за гувернер на Баварија и бил одговорен за денацификацијата. Во текот на овој процес имало големо несогласување помеѓу Патон и Ајзенхауер околу начинот како треба да се спроведува денацификацијата. На 9 декември 1945 година, за време на едно патување кон ловиште во близината на Спејер во Германија, генералот Патон доживеал сообраќајна незгода во која останал парализиран и е однесен во болницата во Хилденберг, каде што на 21 декември 1945 година и починал. Тој е погребан на воените гробишта на САД во Луксембург.

Лидерскиот стил што го карактеризирал и истакнувал генералот Патон за време на неговата војничка кариера е филозофијата дека силите треба да се водат од фронтот, што е можно понепосредно, а воедно сметал дека ригорозната обука може да создаде војници кои би биле подготвени за извршување на секоја поставена задача. Неоспорна е и неговата харизма, импулсивност и способност да инспирира. Неговата визија за брза и мобилна армија е присутна и денес. Многумина од неговите потчинети за генералот Патон тврдат дека него можело или да го сакате или не, но во ниеден случај не може и да го заборавите. Генералот Џорџ Патон е носител на голем број на ордени и медали од САД, но и од странски држави како што се: Чешка, Обединетото Кралство, Русија, Франција и други земји. Во негова чест, првиот среден тенк произведен од страна на САД после завршувањето на Втората светска војна е тенкот „М46“, кој го носи името „Патон“. Во 1953 година е издадена поштенска марка со ликот на генералот Патон. Ликот и делото на овој воен лидер многупати е и екранизирано. Филмовите како „Патон“ од 1970 година, дури има добиено и Оскар за најдобра главна улога. Низ Соединетите Американски Држави, низ повеќе градови и институции се поставени споменици на генералот Патон. Некои делови од неговата воена опрема којашто ја користел за време на неговата активна служба, се изложени и во неколку музеи.

Генералот Патон е мошне значаен лик за американската историја и е дел од светската воена историја. Тој бил исклучителен воен лидер, почитуван од своите потчинети, симбол на храброст, одлучност и тактичка брилијантност. Неговите цитати, кажани пред повеќе од 70 години, се значајни и денес. Цитатот „Солиден план извршен сега е подобар од перфектен план извршен наредната недела“, претставува одличен пример за тоа колкаво е значењето на тоа да се има план во соодветно време. Цитатот „Не има кажувај како да ја завршат работата, само кажи има што и кога треба да се заврши нештото. Ќе ве изненадат со нивната креативност и способност“, го истакнува значењето на слободата на реализацијата на задачата кај потчинетите. Но, можеби најзначаен цитат е оној кој има влијание и во секојдневниот живот, кој вели: Подобро да се борите за нешто, отколку да се живее за ништо. ■





# Операција „Компас“



Пишува: мајор Зоран Василески

Британските и другите сојузнички сили ги нападнале италијанските сили во Западен Египет и во Источна Либија, а самата операција целосно била успешна, гледано од перспектива на сојзниците – генерал-полковник Ричард О` Конор со 30.000 војници напредувал од внатрешноста на Египет кон централна Либија. Во текот на операцијата сојузничките сили имале минимални загуби од 1.900 загинати и ранети, што сочинувало само 10% од пешадијата и на 8 јануари 1941 година заробиле од 100.000 до 150.000 италијански и либиски заробеници од 10. армија на маршалот Родолфо Грациани.

И покрај тоа што располагал со десет пати помалку сили, британскиот генерал Вавел започнал да планира противофанзива со која италијанските сили ќе ги протера од Египет и ќе ги отфрли подалеку од Суецкиот Канал и нафтените полиња. Британскиот противнапад, позната како операцијата „Ком-

**Операцијата „Компас“ е првата сојузничка воена операција на Северноафриканскиот фронт за време на Втората светска војна, во која британските и другите сили на Комонвелтот ги нападнале италијанските сили во Западен Египет и во Источна Либија. Операцијата траела од декември 1940 година до февруари 1941 година. Сојузничките сили напредувале од Египет во централна Либија каде што претрпеле мали загуби и притоа заробиле 115.000 италијански војници, додека Италијанците изгубиле стотици тенкови и повеќе од илјада артилериски орудија и авиони. Операцијата претставува огромен успех за сојузниците.**






| Воени единици | |
|---|---|
| **Сојузнички - британски** | **Италијански** |
| 36.000 војници | 150.000 војници |
| 120 артилериски орудија | 1600 артилериски орудија |
| 275 тенкови | 600 тенкови |
| 142 авиони | 331 авион |

| Загуби | |
|---|---|
| **Кај сојузниците** | **Италијански** |
| 500 загинати | 3000 загинати |
| 55 исчезнати | 100.000 – 150.000 заробени |
| 1373 ранети | 140 – 400 тенкови |
| 15 авиони | |

| Команданти | |
|---|---|
| **Британски** | **Италијански** |
| Арчибалд Вавел | Родолфо Грациани |
| Хенри Вилсон | Итало Гариболди |
| Richard O`Connor | Џузепе Телера |
| | Петро МАЛЕТИ |
| | Анибал Бергонзоли |

пас”, почнал на 9 декември 1940 година, а го извеле 7. оклопна дивизија и 4. индиска дивизија, која била заменета после неколку дена со 6. австралиска дивизија. Триесет илјадните британски сили брзо ги пробиле италијанските линии, така што само во првите два дена од операцијата биле заробени околу 40.000 италијански војници. Во следните неколку дена Британците повторно го вратиле во владеење местото Сиди Барани, каде што и покрај италијанскиот отпор, во одделни места, како во гратчето Барди, само за десет дена ги исфрлиле италијанските сили од подрачјето на Египет. Британската офанзива не застанала овде, туку продолжила со продор кон Либија по линија на медитеранскиот брег. На 22 јануари 1941 година го освоиле градот Тобрук, а во февруари кај местото Беда Фом Италијанците доживеале тежок пораз. Покрај градот Тобрук, во оваа операција се освоени уште и градот Бенгази, како и либиската провинција Киренаика, а британските тенкови стигнале до местото Ел Агејила, длабоко во либиската територија.

Со Операцијата италијанските сили биле отфрлени 800 километри подалеку од точката на која се наоѓале на почетокот на британската противофанзива, а со доаѓање на германската помош, биле спасени од целосна загуба на позициите во Северна Африка. Тогашен британски премиер Ентони Идн, кој тогаш се затекнал во Египет, рекол дека „никогаш во историјата не се предале толку голем број луѓе на толку мал број.”

Причините за огромната италијанска катастрофа во Северна Африка во периодот 1940 – 1941 година, би требало да се бараат во општата неподготвеност на италијанските вооружени сили , лошото логистичко снабдување на единиците во Африка, како и општата неспособност на италијанската врховна команда. Како пример за состојбата на италијанските вооружени сили ќе го посочиме случајот со смртта на италијанскиот генерален гувернер на Либија, маршалот Итало Балбоа, кој во јуни 1940 година загинал во авионска несреќа на италијанската противвоздушна одбрана.

Време на Операцијата: Од 9 декември 1940 до 9 февруари 1941 година.

Локација на Операцијата: Подрачјето од Сиди Барани во Египет до Ел Агејила во Либија.

Исход на 0перацијата: Победа на сојузничките сили.

Страни во Операцијата: Обединетото Кралство, Италија, британската колонија Индија, Австралија и Франција. ■



# Заминување без враќање



Пишува: проф. д-р Виолета Ачкоска

Во рамките на Грчката граѓанска војна (30.3.1946 – 16.10.1949), која однесе многу животи, раселувања на населението и пустош, особено беше трагична судбината на децата кои беа откорнати од своите семејства и огништа, чија организирана евакуација започна во март 1948 година и траела сè до крајот на годината.
За време на Граѓанската војна во која Грците меѓусебно се бореа од идеолошки причини (левица наспроти десница), Македонците зеле масовно учество, борејќи се за своите елементарни национални и човекови права. Притоа, најголемиот дел од воените дејства се одвивале токму на територијата на Егејска Македонија. На слободната територија во Егејска Македонија е формирана Привремена демократска влада на Грција (ПДВГ), во декември 1947 година, на чело со Маркос Вафијадис, која на терен вршела мобилизација на Македонците. Повеќе од 20.000 Македонци служеле во редовите на Демократската армија на Грција (ДАГ) и во нејзините помошни служби.
Во 1948 година, двете завојувани страни се подготовувале за завршување на војната. Силите на десничарската влада броеле околу 300.000 војници. Тие



биле опремени со тешка артилерија и потпомогнати од речиси 60.000 вооружени цивили. ДАГ располагала со 45.000 борци, кои биле вооружени со лесно пеша¬диско оружје и биле обучени за герилско војување. Десничарските сили имале помош од Велика Британија, а од март 1947 година и САД директно се вмешаа во Грчката граѓанска војна.
Со цел да го спречи приливот на борци во ДАГ, во текот на 1948 година, грчката десничарска влада од егејскиот дел на Македонија присилно иселила 213.500 селани, од кои 25.764 Македонци. За нив биле предвидени специјални домови и прифа¬ти¬лишта во Солун и во други градови во Грција. Околу 25.000 македон¬ски деца биле однесени на некои грчки острови и сместени во т.н. детски градови каде што биле изложени на најсурова асимилација.
Во ваква ситуација и со наведениот однос на силите, стратегијата на генералниот секретар на КПГ, Никос Захаријадис, кој го разрешил генерал Маркос Вафијадис од должноста командант на ДАГ, а герил-

ската тактија ја заменува со фронтална борба, се покажала како погубна. ПДВГ донела одлука да се евакуираат децата, старците и изнемоштените лица, бидејќи одлучната битка била планирана на планината Грамос. На тој начин било преземено евакуирањето на околу 27.000 до 30.000 деца во Југославија и во другите источноевропски земји (ИЕЗ), наводно од хумани причини, но реално, зад оваа евакуација се криеле потребите за вооружена борба.

Самиот тек на евакуацијата бил однапред изрежиран, дека е тоа наводна желба на родителите за да се спасат децата од сигурната смрт. Биле организирани и обраќања до хуманитарните организации во ИЕЗ за да ги прифатат децата од загрозените воени подрачја. Заедно со децата биле одредени жени и девојки како придружнички и одговорни за групи од 20 до 25 деца. Така, колони деца, ноќе, тргнале пеш низ планините во неизвесност, несвесни дека можеби за последен пат ги виделе своите родни куќи, а некои од нив и своите родители и семејства. Децата најпрво биле сместувани во домови во неколку југословенски републики, а потоа распределувани во различни ИЕЗ. Според некои податоци од јуни 1949 година, се наведува дека 27.000 деца биле прифатени во следниве земји: Во Југославија 11.000 деца; во Романија 5.000; во Чехословачка 3.000; во Полска 2.500; во Унгарија 2.500; во Бугарија 2.500, а во Источна Германија 700 деца. Понатаму, некои од децата биле прераспределувани, а некои завршиле и во Ташкент, во Советскиот Сојуз. Прегладнети и исплашени, децата полека закрепнувале, а земјите каде што биле згрижени воделе сметка за нивната исхрана, хигиена, воспитување и образование.

Со заминувањето на децата родителите биле мобилизирани за извршување задачи во позадина, како на пример, пренесување муниција и ранети, копање ровови и градење бункери. Одведувањето на децата требало да го подигне борбениот дух и моралот на борците, свесни дека нивните деца, братчиња и сестри се безбедни. Но, во исто време, се сметало дека дел од овие деца ќе бидат идната резерва за пополнување на единиците на ДАГ. За таа цел, во втората половина на 1948 г. и во март 1949 година, биле мобилизирани околу 2.000 деца на возраст од 14, 15 и 16 години. Тие се вратени во Грција, директно во борбите. Единствено Полска не дозволила да бидат мобилизирани деца ниту, пак, придружен персонал. Тоа заминување се сметало за привремено, но за Македонците останало трајно прогонство заради грчката шовинистичка политика која со децении врши етничко чистење и го менува етничкиот состав на населениоето во северниот дел од државата.



Крајот на Грчката граѓанска војна и поразот на ДАГ се совпаѓаат со нападот на Сталин и Информбирото врз КПЈ, при што Јосип Броз-Тито беше приморан да ја прекине помошта што им ја давал на грчките востаници, а на 10 јули 1949 г. ја затвори границата кон Грција. Како просоветска партија, КПГ застанала зад Резолуцијата на Информбирото (28 јуни 1948 г.) против Југославија, а вината за поразот во Граѓанската војна, покрај поддршката на САД и на Велика Британија, ја барала во предавството на Тито и неговите агенти, во лицето на македонските кадри во ДАГ и КПГ и во македонските националноослободителни организации, пред сè НОФ. Започнал прогон и шиканирање на Македонците како наводни „Титови агенти“ и вон границите од Грција, во информбировските земји, каде што истовремено делувале и комитетите на просоветската КПГ.



Грчката граѓанска војна остави трајни последици за македонскиот народ, кој речиси голорак станал да го брани својот опстанок. Според податоците од 1953 година, загинале 10.000 Македонци или, пак, биле убиени, исто толку биле затворени и интернирани по грчките затвори и сувите острови, а над 50.000 Македонци емигрирале во Југославија и во ИЕЗ. После оваа трауматска и трагична воена епизода, родителите со години ги барале своите деца, а децата своите родители, за да го продолжат својот заеднички живот некаде во некоја друга земја и никогаш повторно да не се вратат и да живеат на своите прадедовски огништа. Впрочем, нивните имоти беа ограбени и конфискувани, а грчкото законодавство после 1980 година им дозволи враќање во Грција само на Грците по род, но не и на етничките Македонци. ■




Под мотото „Пријателство преку спорт“, на 18 февруари на Воениот стадион во Скопје беше одбележан меѓународниот Ден на воени спортови, како и јубилејот – 20 години членство на македонската Армија во Меѓународниот совет на воени спортови (Советот е формиран на 18.2.1948 година).

Традиционалниот настан беше отворен од страна на началникот на Генералштабот, генералот Сашко Лафчиски, а на овој настан присуствуваа и државниот секретар во Министерството за одбрана, Елизабета Чуповска-Ристова и министерот за спорт, Борко Ристовски. Тие ги поздравија и им посакаа успех на 210-те припадници на Армијата и на Министерството за одбрана, кои на 18-ти и на 19-ти февруари ги одмеруваа силите во пет дисциплини: атлетика-трка (3 км за жени и 5 км за мажите), мал фудбал, кошарка, пинг-понг и одбојка.

Натпреварите поминаа во позитивен, пријателски и спортски дух. Учесниците на натпреварот, со нивното почитување на противникот и фер-игра, покажаа завидни вештини на спортските борилишта. Тоа резултираше со нескриено задоволство од страна на натпреварувачите, кај победниците, но и кај организаторите на овој настан – Советот



на меѓународни спортови при МО и АРМ. Според организаторите, со овие дводневни спортски активности кои се дел од нашето секојдневие, дополнително се придонело за зајакнување на меѓуармиската соработка, пријателството и мирот.

„Организацијата и натпреварите поминаа во најдобар ред, при што учесниците покажаа вештини и физички капацитети за постигнување на завидни спортски резултати, а со тоа и за исполнување на нивните професионални обврски во Армијата“, изјави заменик-претседателот на Советот на меѓународни спортови, потполковник Дарко Николовски.

На крајот од натпреварот, потполковникот Нииколовски им додели пехари, медали и плакети на тројцата првопласирани во секоја дисциплина, а првите места ги освоија: во дисциплината атлетика-трка: Марија Пеликон (жени) и Милош Ранчиќ (мажи); во пинг-понг, екипно, ВП 2803, а поединечно, Оливер Кузмановски од ВП 2733; во мал фудбал: ВП 8044; во кошарка: ВП 8044 и во одбојка 1. пешадиска бригада.



# Одбележување на меѓународниот Ден на воени спортови

**Спасиќ, најдобар спортист во Армијата за 2024 година**

Кајакарот Љубомир Спасиќ од ВП 2733 во Велес беше прогласен за најдобар спортист во Армијата за 2024 година.

Станува збор за македонски репрезентативец, член на кајакарскиот клуб „Арка борец“ од Велес, кој минатата година имаше многубројни успеси, како на домашната, така и на меѓународната сцена. Од тие успеси, како најзначајни, покрај титулата државен првак, се издвојуваат освоеното прво место на меѓународен натпревар во Швајцарија, втората позиција на Европскиот куп во Германија, третото место на минатогодишното СП во Мастерс во категоријата мажи постари од 35 години, како и пласманот на деветтата позиција во сениорска конкуренција во тимската дисциплина К1 (во оваа дисциплина настапи заедно со припадникот на македонската армија, Александар Златаров).Сето ова беше повеќе од доволно за после 17 години служба во АРМ и 28 години активно занимавање со спорт, Спасиќ да се закити и со титулата „Армиски спортист на годината“, признание кое за него ќе претставува дополнителен мотив за работа и за постигнување уште поголеми резултати во иднина.



„Многу сум среќен, горд и благодарен што институцијата во којашто работам ги забележа моите успеси. За мене ова признание е голема чест, а истовремено и ме мотивира да ја оправдам оваа титула и во иднина со уште поголеми успеси да продолжам да ја претставувам Македонија и македонската армија на европската и на светската спортска сцена“, изјави Љубомир Спасиќ, кој пред 10-тина години се закити и со титулата „Спортист на годината“ во неговиот роден град Велес.



Текст: Борче Лозановски





# „6888"

Филмот „6888" е инспиративна приказна за храброста и пријателството за време на Втората светска војна. Ова е филм на Тајлер Пери, чиешто име најчесто го поврзуваме со комедии или со драми, но овој проект е нешто сосем друго. Режисерот успешно ја истражил малку познатата, но значајна единица „6888" – Баталјон на женскиот воен корпус.
Филмот „6888" оставил силен впечаток кај публиката со одличната екипа на актери и впечатливата визуелна продукција, пренесувајќи порака дека храброста и пријателството можат да го променат текот на историјата.
Преку оваа приказна гледачите ќе бидат сведоци на предизвиците со кои се соочувале жените во војската во периодот кога светот поминувал низ длабоки промени. Филмот е комбинација од драма и историска реалност и им дава на гледачите можност да видат што им се случувало на овие жени-војници. Овде се истакнува солидарноста и храброста во борбата против стереотипите, предрасудите, но и придонесот на жените за таа борба во тоа време. Овој воен баталјон составен од жени кои се Афроамериканки, имал главна улога во обезбедувањето, во логистиката и во поддршката на американските сили во Европа. Филмот ни го претставува духот на храброст и на општествена слобода што го покажале овие жени.
Режијата нуди длабока перспектива на животот на овие жени, работејќи на нивните професионални и лични искуства. Најголемиот дел од приказната ги следи хероите на овој баталјон како се справуваат со предизвиците на воената реалност, социјалните стереотипи и личните жртви.
Гледачите ќе видат колку е важно да се води борба, но не само на бојното поле, туку и борба за своите права.
Сценариото на филмот е напишано во соработка со историчари и експерти, што му дава автентичен контекст, односно автентично го пренесува времето на дејството. Секој лик детаљно е развиен, покажувајќи не само храброст, туку и човечност.
Нивните соништа и амбиции, исто така, доаѓаат до израз, потврдувајќи ја важноста на женскиот придонес во историјата. Главното мото на Баталјонот „6888" било: Нема пошта – нема волја за борба".
Тоа биле храбри жени кои, и покрај сè, верувале дека на овој начин ќе се крене моралот на војската за да го зададе конечниот удар на фронтот. Се проценува дека дури 17 милиони пратки биле заглавени со месеци. Прикажана е умешноста на жените при селектирање и изнаоѓање начин за да се излезе на крај со оваа ситуација. Во филмот ќе го видиме и ужасот на војната, болката по загинатите војници кои чекале писма и храна од своите мајки, пратки кои никогаш не ги добиле.
Со музиката и визуелната продукција, филмот создава атмосфера која привлекува и емоционално ги остава гледачите со големо внимание да го следат секој дел од филмот.
Како историски филм, „6888" не е само приказна за војната, туку филмот испраќа и моќна порака за храброста, солидарноста и правото на секоја жена да биде дел од историјата. Овој филм е повик до новите генерации, да ги почитуваат и да ги признаат дадените жртви на жените во воените конфликти.
Не ја пропуштајте оваа неверојатна приказна која открива непознати аспекти од воената историја. Фимот „6888" ќе ве поттикне на размислување за историјата и за улогата на жените во обликувањето на светот. ■

**Режија: Тајлер Пери, Жанр: Военоисториска драма, Улоги: Кери Вашингтон, Сем Вотерстон, Сузан Сарандон, Опра Винфри, Ебони Обсидијан, Сценарио:Тајлер Пери, според книгата „Борба против војна со два фронта" од Кевин М. Химел, Продуценти: Кери Селиг, Карлота Еспиноза, Тони Стрикленд, Анги Боунс, Никол Авант, Тајлер Пери, Дистрибутер: Нетфликс, Музика: Арон Зигман,Година: 2024. Јазик: Англиски. Земја: САД, Времетраење: 127 минути, Буџет: 70 милиони долари**

Пишува: Станка Петкова

# Уметниците и војната



**Васко Ташковски** е македонски сликар, водечки претставник на надреализмот и на фантастичното сликарство, со богата кариера и афирмација на Балканот, во Европа и во светот. Тој е роден во Нижеполе, Битолско, на 31 август 1937 година. Завршил Средно уметничко училиште во Скопје во 1958 година, а дипломирал на Академијата за применета уметност во Белград во 1964 година. Освен со сликарство се занимавал и со наменска сценографија за театар, со телевизиски и филмски прокти, како и сценографии за разни манифестации (музички и театарски фестивали, јавни настани од областа на културата). Подолго време работел и како сценограф во Македонската телевизија (од 1965 до 1991 година), и реализирал над 300 сценографии. Работел и како илустратор на повеќе изданија. Освен сликањето во маслена техника, работи и акварел, цртежи и графика , а повремено работи и графички дизајн. За своето дело е добитник на многу награди и признанија .Добитник е на 17 награди и признанија, меѓу кои: „4 јули" во 1977 г., Октомвриска награда (за сликарство) во 1978 г. и ред други. Васко Тошковски е застапен и во прегледи и монографии за историјата на светската уметност, а за неговото творештво се снимени 8 телевизиски филмови во продукција на Радио-телевизија Скопје, меѓу кои и „Приквечерина“ (1981 г.), според сценарио и режија на Коле Манев, „Во ателјето на Васко Ташковски“ (1983 г. ), „Пустината расте“ (1988), „Ташковски“ (1994), „Слики што го говорат човекот“ (1998) и многу други. Избран е за дописен член на МАНУ во 1994 година, а во 1996 година е избран за редовен член на МАНУ. ■



Пишува: м-р Трајче Чатмов



Кристина Петкова Ризова, портрет од 1903 година, од времето на илинденската епопеја. Македонска револуционерка, комитка во четата на Јане Сандански. Родена во Битола. Негатив, стаклена плоча од приватната архива на Диме Ратајкоски.